Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 260, 1 септември 2020 година

септември 2020 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОДИКА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 18

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ХЕМИЈА НА КОЛОИДИ“ – УЧЕБНИК ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БИЉАНА ЃОРЃЕСКА И ВОН. ПРОФ. Д-Р САЊА КОСТАДИНОВИЌ-ВЕЛИЧКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВАЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП ........ 45

РЕЦЕНЗИЈА НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ - ПНМО” (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ЗА СТУДЕНТИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 47

РЕЦЕНЗИЈА НА ПРАКТИКУМОТ СО НАСЛОВ „ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ - ПНМО” (ПРАКТИКУМ) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ЗА СТУДЕНТИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 49

РЕЦЕНЗИЈА НА СКРИПТА СО НАСЛОВ „МЕДИЦИНСКА МАСАЖА” ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ПРОФ. Д-Р ЛЕНЧЕ НИКОЛОВСКА, ДОЦ. Д-Р ДАНЧЕ ВАСИЛЕВА И М-Р ТАМАРА СТРАТОРСКА, ЗА СТУДЕНТИ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 52

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „TOPICS IN CONTRASTIVE ANALYSIS: ENGLISH AND MACEDONIAN” (ТЕМИ ОД КОНТРАСТИВНА АНАЛИЗА: АНГЛИСКО-МАКЕДОНСКИ СПОРЕДБИ) ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р МАРИЈА КУСЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 55

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 58

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОДИКА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-76/3 од 9.7.2020 година донесена на 150. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 9.7.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 27/28.6.2020 година и во предвидениот рок се пријави кандидаката

- д-р Ирена Китанова, доцент.

Поднесената пријава од страна на кандидатката д-р Ирена Китанова е комплетна и навремено доставена.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Ирена Китанова е родена на 29 септември 1981 година во Штип. Основно и средно образование (гимназија) завршува во родното место. Љубовта кон учителската професија е основниот мотив да го продолжи образованието на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, на отсекот Одделенска настава. Како редовен студент, на почетокот на академските студии, ја согледува потребата од силна синергија меѓу теоријата и практиката и активно се вклучува во проектот „Со читање и пишување до критичко мислење“. Во академската 2001/2002 година во рамките на проектот „Партнерство и демократија во образованието“ (реализиран во партнерство со Педагошки факултет во Битола), реализира тримесечен студиски престој (од 13 август до 8 ноември 2002 год.) во Малме, Шведска. Во рамките на престојот се стекнува со сертификат „Обучен наставник во мултикултурното образование“ и сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик. Дипломира на 12.3.2004 година на Отсекот за одделенска настава како студент на генерацијата со просек 9,71 и се здобива со звање дипломиран професор по одделенска настава. Образованието го продолжува на постдипломски студии кои ги завршува со одбрана на магистерскиот труд на 5.2.2009 г. под наслов „Комплексната постапка за усвојување на буква во почетното читање и пишување и нејзино унапредување“ на Педагошкиот факултет во Битола и се стекнува со звање магистер по педагогија во областа на методиките. Образованието го продолжува на трет циклус студии на Педагошкиот факултет во Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“. Докторските студии ги завршува успешно со одбрана на докторската дисертација под наслов „Детерминанти на активното слушање и нивните импликации во воспитно-образовниот процес“ на 26.8.2015 година и се стекна со академски научен степен доктор по образовни науки.

Периодот од октомври 2004 до јануари 2016 година е период на професионален подем, од помлад асистент (2004-2009, Педагошки факултет), асистент (2009-2016), а од

21.1.2016 година и како наставник, кога е избрана во наставно-научно звање  доцент на Факултетот за образовни науки.

На седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки одржана на 19 септември 2019 година е избрана за продекан за настава.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научните области методика и образование на наставници. Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на седницата одржана на 21.1.2016 година донесе Одлука д-р Ирена Китанова да се избере во звање доцент за наставно-научните области методика и образование на наставници.

2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

Кандидатката има објавено околу 100 труда од кои повеќето се објавени во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции. Од изборот во доцент до денес кандидатката има објавено над 30 труда. Од нив ги издвојуваме следниве:

| Бр. | Автор | Наслов | Списание | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Kitanova, Irena | Basic principles for the process of active listening in teaching | Conference Proceedings “Education across Borders” Education and Research across Time and Space, pp.501-505 | 2017 |
| 2 | Kitanova, Irena | The impact of interaction on providing conditions for listening in teaching. | Teacher, International Journal of Education, 13. pp. 18-22. ISSN 1857-8888 | 2017 |
| 3 | Kitanova, Irena | The process of reading and the method of work with text in primary teaching. | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23.1 (1). pp. 97-101. ISSN 1857-923X | 2018 |
| 4. | Kitanova, Irena | Improving the process of reading for a successful understanding of the read. | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.2 (1). pp. 625-629. ISSN 1857-923X | 2018 |
| 5. | Kitanova, Irena | Profession teacher as a part of modern society. | Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия, предизвикателства и перспективи“. ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2 | 2019 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Приложената биографија покажува дека кандидатката своето работно искуство во областа на високото образование го започнува пред 16 години.

Во 2004 година е избрана како помлад асистент на Педагошкиот факултет во Штип на предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Историја на педагошките идеи (на отсекот Одделенска настава и на Предучилишно воспитување), Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава, Методика на надарени деца.

Во звањето помлад асистент кандидатката повторно е избрана за да во 2009 година откако ќе го одбрани магистерскиот труд со Одлука бр.2102-62/4 од 14.9.2009 на Наставно-

научниот совет на Педагошкиот факултет се избере во звањето асистент на предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Методика на воспитната работа на Одделот за одделенска настава, Историја на педагошките идеи, Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава.

Кандидатката во своето десетгодишно работно искуство како соработник (помлад асистент и асистент) соработува со повеќе професори, проширувајќи ги знаењата во повеќе дисциплини со јасна видливост на способности за кооперативност и инвентивност, како и организациски способности.

Во овој период паралелно со академските активности како дел од личниот професионален развој и процесот на континуирано усовршување, доцент д-р Ирена Китанова учествува на бројни семинари, обуки и работилници на актуелни теми во делот на образованието во одделенска настава, методиката на јазик и описменување на децата во основните училишта.

Ирена Китанова во 2015 година ја брани докторската дисертација на тема „Детерминанти на активното слушање и нивните импликации во воспитно-образовниот процес“ и се стекнува со научно звање доктор по образовни науки. На седницата на Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки, одржана на 21.1.2016 г., е избрана во звање доцент (Одлука бр. 1602-40/3 од 21.1.2016 година) во наставно-научните области методика и образование на наставници за предметите: Методика на наставата по македонски јазик 1 и 2, Методика на почетно читање и пишување, Методичка интерпретација на текст, Методика на јазично подрачје, Историја на педагошките идеи, Практична настава/Педагошка пракса 1, 2 и 3.

Во изборниот период од 2016 до 2020 година, доцент д-р Ирена Китанова учествува во менторирање и одбрана на дипломски работи на студенти од прв циклус студии. Истовремено е ангажирана како наставник на програмата за стекнување на педагошко-психолошка и методска доквалификација на предметот Методика за студентите кои доаѓаат од филолошки факултет. Во исто време, доцент д-р Ирена Китанова реализира бројни предавања, работилници и проектни активности значајни за унапредувањето на квалитетот на образованието на наставниците.

Со Решение број 22-1126/1 од 23.8.2018 година е назначена за претседател на Комисијата за давање мислење по доставени предлози за исправки и /или дополнување во текстот на учебникот, а истите не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот ревидирање на Учебникот по македонски јазик за петто одделение во деветгодишно основно образование од авторите Љубица Севдинска и Весна Настевска, одобрен со Решение на министерот за образование и наука, бр.22-2431/1 од 26.4.2010 г. На 18 декември 2019 година реализира предавање на тема „Улогата на активното слушање во сознајниот процес“ за студентите од насоките основноучилишна педагогија и странски јазик и предучилишна и основноучилишна педагогија на Факултетот по педагогија при Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград, Р. Бугарија.

Во рамките на проектот „Enhancing Youth Cooperation and Youth Exchange in the Western Balkan 6“, финансиски поддржан од Европската Унија, а во организација на МОФ и РИКО, организирана е работилница за студентите на Факултетот за образовни науки и истата е реализирана на 17.2.2020 година во Штип, на која доцент д-р Ирена Китанова е ангажирана како фасилитатор на работната група од 40 студенти.

Доцент д-р Ирена Китанова има објавено и две учебни помагала е-скрипта „Методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно осново образование“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/456) и е-практикум со наслов „Практикум по методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно основно образование“ (http://e-lib.ugd.edu.mk/461).

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси до изборот за доцент (2016)**

**Презентации:**

1. Сертификат за учество на Меѓународната научно-практична конференција „Словенската култура: исток, традиции, заедништво“, 12-14 мај 2009, Москва, Русија;
2. Сертификат за учество на Практичната меѓународна конференција „Предучилишното детство и одговорностите на современото општество“, 25-27 ноември 2009, Бургас, Бугарија;
3. Сертификат за учество на Интернационалната конференција „Надарените и талентираните креатори на прогресот“, 16-17 октомври 2009, Охрид, Македонија;
4. Сертификат за учество на Меѓународен научен собир „Образование и усовршување на наставникот“, 13 ноември 2009, Ужице, Србија;
5. Сертификат за активно учество на Првата меѓународна конференција „Социокултурни проблеми и современи предизвици“, Филозофски факултет, 18-19 октомври 2013, Тетово, Македонија;
6. Certificate for participated in the finalizing of “The guidelines for conducting practicum assignments for students-future teachers, educators and pedagogues”, OSCE, 1-3 July, 2013, Macedonia;
7. Сертификат за учество на Научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век“, Факултет за образовни науки, 3.10.2014 г., Штип, Македонија;
8. Сертификат за учество на научно-стручната конференција со меѓународен карактер „Состојби предизвици и перспективи на воспитанието и образованието во Република Македонија“, во организација на Советот на Општина Штип, 13.5.2015 г., Штип, Македонија;
9. Certificate for participated in the International scientific conference “Education in the 21 st century-condition and perspectives”, Faculty of educational science, 24-25 Sep, 2015, Stip.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2016-2020 г.**

**Презентации:**

1. Kitanova, Irena (2019). *Profession teacher as a part of modern society.* Седма международна научна конференция „Съвременното образование условия, предизвикателства и перспективи“ . 14 -16 јуни, 2019, Благоевград, Р Бугарија;
2. Kitanova, Irena**,** Kitanov, V. (2018) *Interaction-communication aspect of active listening in teaching.* Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи“, Шеста меѓународна научна конференција, 11-12 мај 2018, Штип;
3. Irena Kitanova, (2016), Читањето како потреба и радост, International Scientific Conference – St. Kliment's lifework (language, literature, education, culture), 23-24 јуни, 2016, Штип;
4. Kitanova, Irena (2016). *Basic principles for the process of active listening in teaching*, Third International Conference “Education across Borders” Education and Research across Time and Space, 6 -7 October, 2016, Bitola.

**СПИСОК**
**на објавени стручни и научни трудови**

**Објавени стручни и научни трудови до изборот за доцент, 2016 год.**

1. Китанова, И. (2010). Комплексната постапка за обработка на буква како креативност во образовниот развој. Зборник на апстракти - Петти научен собир „Образование за хумано општество", 28-29 мај, Охрид, Македонија.
2. Kitanova, I. and Petrova Gjorgieva, E. (2010). Motivation for achieving succes in school. Зборник со научни студии и статии - Современото образование, мисии и визии, Југозападен универзитет „Неофит Рилски", pp. 254-256, Благоевград, Бугарија.
3. Kitanov, B. and Kitanova, I. (2010). Prostumot Kole Casule against Bulgarian stony vision, Воспитание - Списание за образовна теорија и практика (11). pp. 17-25, УДК:37.016:003-028.31.
4. Китанова И. (2010/2011). Компоненти на изразното читање, Воспитание - Списание за образовна теорија и практика (11). pp. 137, УДК:37.016:003-028.31.
5. Китанова И. (2011). „Етичко-естетските сегменти во букварот на Јосиф Ковачев", Годишен зборник, Институт за историја и археологија, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Год 2, ISSN: 1857-7342.
6. Kitanova, I. (2013). Васпитно дејство бајке код деце предшколког и школског узраста. Књижевност за децу и њена улога у васпитању и обрзаовању деце школског узраста: тематски зборник. pp. 389-392, Vranje, Srbija.
7. Kitanova I. (2013). Understanding of what is read and communicating with a text in class teaching, Научна конференција „Социо-културни проблеми и современи предизвици", Филозофски факултет, Државен универзитет во Тетово, 18-19 октомври.
8. Kitanova, I. (2013). Physiological bases of reading, International Journal "Teacher", University "St. Kliment Ohridski", Bitola, ISSN 1857-8888.
9. Kitanova, I. (2014). Understanding of what is read and communicate with a text in class teaching, International Journal of Social and Human Sciences "Philosophica", State University of Tetovo, ISSN 1857-8454.
10. Kitanova, I. (2014). Written expression represented by retelling a fairy, International Journal "Teacher", University "St. Kliment Ohridski", Bitola, ISSN 1857-8888.
11. Kitanova, I. (2015). Learning reading in the lower grades, InterInternational Journal "Teacher", University "St. Kliment Ohridski", Bitola, ISSN 1857-8888.

**Објавени стручни и научни трудови во изборниот период (2016-2020)**

1. **Kitanova, Irena** (2020). *Active listening in the educational practice - conditions and problems.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38.2. pp. 395-399. ISSN 2545-4439 / 1857-923X

Во трудот се става акцент на активното слушање како процес кој е особено важен за воспитно-образовниот процес. Авторот смета дека без разлика што вештината на слушање претставува базична и универзална појава, воспитно-образовниот процес треба да се приспособи на учениците (доколку тие се целна група на реципиенти) за да биде поефикасна и поуспешна наставата.

2. **Kitanova, Irena** (2020) *How active hearing is necessary in the teaching process.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38.2. pp. 453-457. ISSN 2545-4439 / 1857-923X

Во трудот авторката вниманието го насочува кон потребата од активно слушање во наставата. Во таа смисла истакнува дека вистинскиот разговор кој претставува позитивна, добра, конструктивна комуникација, подразбира активно слушање кое претставува техника

што може да се развие единствено доколку имаме способност за емпатија, сочувство за соговорникот.

3. Kitanov, V., **Kitanova, Irena,** Ristova, C., Angelkova, T. (2019) *Tourism and student excursions as a part of the educational system.* Knowledge – International Journal, 34 (2). pp. 523-527. ISSN 2545 – 4439

Овој труд говори за важноста на ученичките патувања во работата на современото училиште. Програмата за училишни излети и екскурзии има незаменлива улога и место во составот на вонучилишните воспитно-образовни активности. Освен одмор, релаксација, рекреација и забава, претставуваат можност за задоволување на желбите и потребите на индивидуата за запознавање, информирање и стекнување на знаење за другите луѓе, општествени заедници, култури и средина, за воспоставување на контакти, дијалог и соработка на рамноправна основа и за унапредување на меѓусебните разбирања и соработка.

4. **Kitanova, Irena** (2019) *Profession teacher as a part of modern society.* Сборник от седма международна научна конференция „Съвременното образование условия, предизвикателства и перспективи" . ISSN ISBN: 978-954-00-0200-2

Предмет на интерес во трудот е улогата на наставникот во современото образование. Прашањата за размислување се во насока на тоа колку воведувањето на информатичката технологија е индикатор за современо училиште и која е улогата на наставникот во истото.

5. **Kitanova Irena,** E. P. Gjorgjeva (2019). *Teaching methods in analysis of a texst in class teaching,* Сборник от седма международна научна конференция „Съвременното образование условия,предизвикателства и перспективи". ISBN: 978-954-00-0200-2

Ефикасната настава е ефективна само тогаш кога ќе ја поттикнува креативноста фантазијата и литературното изразување. Од тие причини, повеќе од потребно е да се напушти „рутинската" реализација на наставни часови со примена на посебни методи при работа со текст.

6. **Kitanova, Irena, Sadiki, S.** (2019) *Teacher perceptions for using computer and media learning (IKT) in Macedonian language teaching class in primary education.* Teacher - International Journal. ISSN 1857 – 8888

Емпириското истражување за ставовите на наставниците по македонски јазик од основните училишта по прашањето за употребата на компјутерот во наставата како медиум ја формира сликата за степенот на застапеност и развој на вештини со примената на одредени икт алатки за учење.

7. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova Gj.E., **Kitanova, Irena** (2019) *Types of violent behaviors in schools and prevention measures of school violence.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-923X

Предмет на интерес во трудот се прашањата кои се однесуваат на конфликтни ситуации во училиштето, на сите релации кои се различно димензионирани. Во таа смисла многубројните мерки кои се преземаат против насилството во училиштето треба да се прилагодат на целните групи на кои се насочени.

8. **Kitanova, Irena** (2018). *Improving the process of reading for a successful understanding of the read.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 26.2 (1). pp. 625-629. ISSN 1857-923X

Размислувањата на авторот во трудот се во насока на одговор на прашањето за тоа зошто учениците не читаат односно како да се развива културата на читање кај учениците. Во трудот авторот дава препораки како да се развива културата на читање кај секоја индивидуа.

9. **Kitanova, Irena** (2018). *The process of reading and the method of work with text in primary teaching.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23.1 (1). pp. 97-101. ISSN 1857-923X

Во овој труд јасно може да се види дека авторката се фокусира на тоа дека читањето претставува аналитичко-синтетичка постапка, мисловен процес кој истовремено обединува повеќе фази кои го доведуваат ученикот до правилно совладување на техниките за читање и оспособување за разбирање на прочитаното. Тие неколку фази авторот ги објаснува преку: воочување на буквата како графички знак, претворање на неговата симболика во графичка претстава, истовремено воочување и правилно изговарање на гласовите во еден збор, поврзување на зборовите во реченица и нивно читање со темпо на секојдневен говор и на крајот сфаќање на содржината.

10. **Kitanova, Irena** and Kitanov, V. (2018) *Interaction-communication aspect of active listening in teaching.* Современото воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи", Шеста меѓународна научна конференција, Штип (6). pp. 21-27. ISBN 978-608-244-525-0

Трудот го третира прашањето за интеракциско-комуникацискиот аспект на активното слушање во наставата. Од тие причини, збогатувањето на комуникациските ситуации во кои учениците ќе творат и созреваат во процесот на учењето треба да бидат приоритет на секој наставник.

11. **Kitanova, Irena,** Petrova Gj., E. (2018). *The role of active listening in primary education and teaching.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. pp. 129-133. ISSN 1857-92

Во трудот авторката посебно внимание посветува на улогата на активното слушање во наставата во основното училиште. Кога се говори за активно слушање се мисли на сложен и комплексен процес кој се однесува на сите субјекти кои учествуваат во актот на општење.

12. Petrova, Gj., E., **Kitanova, Irena,** Mirascieva, S.,Koceva, D. (2017) The educator as a creativity ancourager in children. In: VIII Međunarodna naučno-stručna konferencija „Unapređenje kvalitete života djece i mladih", 23-25 June 2017, Aranđelovac, Serbia.

Трудот се фокусира на три теоретски пристапи кон креативноста: концептот на креативност како ментално растројство, концептот на креативност како суштината на самоперсонализирано човечко суштество и социјалниот пристап кон креативноста. Денес креативноста станува сѐе повеќе препознатлива како средство за личен раст, како и социјален напредок и опстанок на заедница. Од тие причини, повеќе од потребни се методи и техники кои промовираат креативност.

13. **Kitanova, Irena** (2017) *Basic principles for the process of active listening in teaching.* In: Third International Conference "Education across Borders" Education and Research across Time and Space (1100th Death Anniversary of St. Clement of Ohrid), 6-7 Oct 2017, Bitola, Macedonia.

Авторката во трудот вниманието го насочува кон базичните принципи на процесот на активно слушање во наставата и е на мислење дека една од задачите на наставата е способноста за активно слушање да се развива и унапредува до степен на вештина.

14. **Kitanova, Irena,** Petrova Gj. E. (2017) *Можности на интеркултуралното воспитание.* In: Петта научно-стручна трибина „Да се биде учител...", Факултет за образовни науки, УГД, Штип, 6 Oct 2017, Stip, Macedonia.

Трудот се фокусира на прашањето кои се можностите и границите на интеркултурното воспитание, а одговорот го определува врз основа на потребата од интеркултурно воспитание и образование кое пак е последица на реалниот факт дека разликите во општеството никогаш нема да исчезнат. Нејзиното присуството го бара вистинската демократија. Интеркултурното воспитание е специфичен воспитен процес, па поимот претпоставува вклучување во признавањето и почитувањето на различноста во културите. Разноликоста е вредност, таа се восприема лесно, ако се определат општите цели и детето ја открива другоста како врска со другиот рамен на него. Затоа, интеркултурното воспитание предлага процеси на откривање на заемни врски и на совладување на бариерите.

15. Petrova Gj. E., **Kitanova, Irena,** Gjorgjev, N. (2017) *Asocial behavior and young people in the Republic of Macedonia.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-92

Зачестеното присуство на разни облици на индивидуално или групно асоцијално однесување на младите, го покренува и интензивира интересот за појавните облици, факторите (причините), евентуалните применети превентивни програми во училиштата и ефектите од истите врз подобрување на моменталната состојба со асоцијалното однесување кај средношколците во нашите училишта.

16. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova, Gj., E., **Kitanova, Irena** (2017) *Образованието на Ромите и неговите слабости.* Зборник на трудови „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“, pp. 164-169. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Предмет на интерес во трудот е инклузијата на ромската популација во македонскиот образовен систем. Имено, македонскиот образовен систем, и покрај сите промени, се карактеризира со недостиг на поттици за подобрување на квалитетот на предавањето на сите нивоа на образование. По многу години работа на владиниот и невладиниот сектор во сферата на образованието на Ромите, имаме состојба во која секое поместување, било во однос на предучилишно, основно или средно образование се прави по иницијатива и со поддршка „однадвор“, од меѓународни донатори и НВО, а со незначителна поддршка од домашните институции, иако Република Македонија нуди еднакви можности за образование за сите нејзини граѓани, согласно меѓународното право и меѓународните конвенции.

17. Mirascieva, S., Petrova Gj., E., Koceva, D., **Kitanova, Irena** (2017) *Фактори на успешна комуникација на менаџерот во училиштето.* Зборник на трудови „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“, 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Образовниот систем во Република Македонија значајно се менува во последните години. На сите нивоа, од предучилишно до универзитетско, настанаа системски и структурни промени во наставниот процес, организацијата на работата на училиштето, се развиваат стандарди за стекнување на функционални знаења, компетенции и вештини, се воведуваат инструменти за евалуација на работата на наставничкиот кадар, сите во функција на зголемување на квалитетот во образованието. Авторите тврдат дека доколку тенденцијата е градење систем на квалитетно образование, достапно за секое дете, одговорноста за напредување на квалитетот во исто време подразбира и јакнење на авторитетот на наставничката професија и вредностите на образованието. Улогата на менаџерот во училиштето и другите воспитно-образовни институции во промовирањето на квалитетот во образованието како цел е една од клучните претпоставки за успешна и квалитетна реализација.

18. Petrova Gj.,E., Mirascieva, S., **Kitanova, I.,** Koceva, D. (2017) *Приоритети на современото училиште од воспитен аспект.* Зборник на трудови „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“, 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Современото училиште претставува комплексен и сложен организациски систем. Тоа произлегува од секојдневните односи на релација наставник - ученик, наставник - наставник и наставник - директор. Притоа, честа е појавата на т.н. „судир на генерации“. Тоа практично значи судир на две култури, културата на возрасните (образувачи и воспитивачи) и културата на младите-новите генерации (оние што се образуваат и воспитуваат). Авторите појаснуваат низа фактори со кои сето тоа се одвива во една средина со свое опкружување и создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес, со индивидуалните и споделените перцепции, ставови и мислења на членовите низ кои се

случува животот во училиштето. Таа средина и тоа опкружување се карактеризираат со специфична организациска клима и организација на работењето на училиштето.

**19. Kitanova, I.,** Petrova Gj., E., Mirascieva, S., Koceva, D. (2017) *Активно слушање во наставата и поучувањето.* Зборник на трудови „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“, 2017. ISSN ISBN: 978-608-244-472-7

Наставата во целокупната сложеност и комплексност е силно условена од активното слушање. Од тие причини, за да се поттикне активното слушање во наставниот процес, потребна е употреба на техники кои ќе ја поттикнуваат и понатаму развиваат способноста за активно слушање.

**20. Kitanova, Irena** (2017) *The impact of interaction on providing conditions for listening in teaching.* Teacher, International Journal of Education, 13. pp. 18-22. ISSN 1857-8888

Во трудот авторката го насочува вниманието на влијанието на интеракцијата врз создавање услови за слушање во наставата.

21. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova Gj.E., **Kitanova, I.** (2016) *Култура, глобализација, идентитет.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

Денешното приближување на културите на различни народи е продукт на огромниот прогрес во комуникациската технологија и размената на информации, што се смета за еден од позитивните аспекти на глобализацијата. Со оглед на тоа што културата е основна и важна нишка за разбирање и соработка помеѓу различни народи, таа отсекогаш претставува основа за појава и развој на човечката цивилизација. Имено, тие истакнуваат дека јакнењето на културната размена помеѓу различни земји е од голема важност. Историјата на човештвото покажува дека културите отсекогаш имале тенденција да се соединуваат. Од друга страна, сите знаеме дека културите во општествената структура на светот се разделувани една од друга. Голем дел од културите се последица на одредени и раздвоени идентитети во текот на историјата, но тенденцијата за културна размена отсекогаш постоела на различни начини.

22. Koceva, D., Mirascieva, S., Petrova Gj.E., **Kitanova, Irena** (2016) *Интеркултурните компетенции – предизвик за наставниците во мултикултурните општества.* Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

Мултикултурализмот наметнува интеркултурни компетенции кои ќе се развиваат низ воспитно-образовниот систем, кој постојано треба да создава претпоставки за надминување на политичките, културните, верските и националистичките препреки, кои ги раздвојуваат и гетоизираат луѓето. Воспитно-образовниот систем мора да биде насочен кон формирање на толерантна, творечка и слободна личност во духот на демократијата, праведноста и толерантноста.

23. Mirascieva, S., Petrova Gj.E., Koceva, D., **Kitanova, Irena** (2016) *За предизвиците и перспективите на професијата учител.* Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, Факултет за образовни науки, Штип. ISSN ISBN: 978-608-244-365-2

Предизвиците и перспективите на професијата учител е предмет на интерес во трудот. Имено, учителот е објект на набљудување секојдневно и предмет на вреднување на различни оценувачи, родители, ученици, и сите субјекти во неговото опкружување. Поради одговорноста што ја има пред заедницата и местото во заедницата, почитувањето и статусот на учителот заслужува внимание на сите заинтересирани субјекти околу него

24. Petrova Gj. E., Mirascieva, S., **Kitanova, Irena,** Koceva, D. (2016) *Современото училиште како организациски систем.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

Училиштето е мошне стара воспитно-образовна организација која гледано историски се менува зависно од општествените промени и се приспособува кон новите барања на општеството и неговите членови. Благодарение на тој свој динамизам, училиштето успеало да преживее многу постапни и револуционерни општествени промени, успешно сообразувајќи се со новонастанатите услови и околности, добивајќи нова функционална и соодветно дизајнирана ефикасна структура. Современото училиште претставува комплексен и сложен организациски систем. Тоа произлегува од секојдневните односи на релација наставник - ученик, наставник - наставник и наставник - директор. Притоа, сметаат авторите дека е честа појавата на т.н. „судир на генерации". Тоа практично значи судир на две култури, културата на возрасните (образувачи и воспитивачи) и културата на младите-новите генерации (оние што се образуваат и воспитуваат). И сето тоа се одвива во една средина со свое опкружување и создаден амбиент во кој се реализира наставниот процес, со индивидуалните и споделените перцепции, ставови и мислења на членовите низ кои се случува животот во училиштето. Таа средина и тоа опкружување се карактеризираат со специфична организациска клима и организација на работењето на училиштето.

25. **Kitanova, Irena,** Petrova Gj., E., Mirascieva, S., Koceva, D. (2016) *Читањето и работата со текст во одделенска настава.* In: First International Scientific Conference FILKO - Philology, Culture and Education, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia.

Во овој труд авторите ставаат акцент на начинот на читање на текстовите на децата од одделенска настава. При процесот на презентирање на една наставна содржина, текст, најбитен фактор во восприемање на истата е начинот на кој тој текст ќе биде прочитан. Во денешно време многу малку се посветува внимание на начинот на презентирање на текстот, сметаат авторите, и на тој начин воедно се губи и интересот за истиот од страна на ученикот. Доколку се вметнат сите оние елементи кои се дел од презентирање/читање на еден текст, авторите изнесуваат низа факти со кои тврдат дека целосно ќе се привлече вниманието на ученикот, а воедно и многу подолго ќе остане во неговата меморија.

26. Mirascieva, S., Koceva, D.,  Petrova Gj. E., **Kitanova, Irena** (2016) *Поврзаноста меѓу образованието, практиката и воспитно-образовните цели во општествен контекст.* Зборник на трудови, Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО" - филологија, култура и образование. ISSN ISBN 978-608-244-308-9

Во трудот се покренува прашањето за поврзаноста на образованието, практиката и целите со посебен акцент на функционалната поврзаност. Прашањето во суштина е прашање за квалитетно образование кое ги опфаќа знаењата, вештините, ставовите, или со еден збор способностите и оспособувањето на личноста за квалитет во работата и животот воопшто. Тоа се разбира ја нагласува поврзаноста на теоријата и практиката и прифаќањето на истата како основно начело заради што поквалитетно дејствување. Во трудот исто така се прави теориска анализа на односот меѓу теоријата и практиката од која произлегуваат конкретни предлози за натамошно концепирање на воспитно-образовниот процес во насока на зголемен квалитет.

27. Kitanov, B., **Kitanova, Irena** (2016) *Писмата на Антоан де Сент Егзипери до мајка му.* Annual Miscellaneous Collection, 6. ISSN 1409-9187

Во овој запис се толкува повеќеслојното значење на феноменот ружа, а особено на релација мајка - син. Интимните и емотивни преокупации на авторот на Малиот принц се мошне важни и интересни кога тој е оддалечен од најсаканото суштество- мајката. Неговите размислувања за животот, за школувањето, за љубовта се разоткриваат посебно од неговите писма упатени до милата му мајка. Во нив е искажана сета нежност и необична приврзаност кон неа.

28. Kitanov, B., **Kitanova, Irena** (2016) *Тајната на ружата во Малиот принц на Егзипери.* Зборник First International Scientific Conference FILKO - Philology, Culture and Education, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia.

Трудот претставува успешен обид на авторите за спој помеѓу сказните од лектирите во одделенска настава и начинот на презентирање на нивната симболика во наставата по јазик. Во наставната практика на основното училиште Малиот принц на Антоан де Сент Егзипери претставува вистински предизвик и сензација. Тоа е сказна која и денес се чита со возбуда и со посебно внимание. Но нејзината рецепција е мошне специфична од страна на учениците и наставниците, првенствено поради многуслојното значење и симболика на содржината. Оттука, при интерпретацијата на Малиот принц во основното училиште неопходни се добра и стручна подготвеност на наставникот сè со цел содржината на делото да се интерпретира, анализира и коментира што е можно на посоодветен и поразновиден начин.

29. Kitanova, I., Petrova, Gj.E., Mirascieva, S., Koceva, D.(2016). *Possibilities and forms of work with talented student in elementary school.* Зборник „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, научно-стручна трибина, 7 октомври 2016, Штип

Трудот третира клучни прашања за можностите и формите на работа со талентираните ученици во основното училиште, како проблемот на раното идентификување, обука и воспитување на надарените и талентирани деца, можностите и форми на работа со нив. За учениците од основната училишна возраст овој период е најпогоден за откривање на надареноста, на нејзино идентификување, насочување и развивање на потенцијалните можности. Оттука е неопходно да се изнајдат сите можности и форми на додатна работа со надарените ученици.

30. Kitanova, I. (2016) *Methodical structure of a lesson for interpretation of a fairy tale*. In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, Proceeding Book 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Сказната го следи развојот на детето. Таа партиципира во развојот на детската личност. Сказната е дел од менталната слика на детето. Сказната е систем кој го подготвува детето за живот: го учи да зборува, да мисли, да го сака ближниот, да прави добро, да ја сака земјата/татковината. Оттука, часот треба да има посебна методичка структура со цел сказната да ја оствари својата функција во целост.

31. Kitanov, Blaze and Kitanova, Irena (2016) *Interpretation of a lyric poem in IV and V grade.* In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, Proceeding Book ,24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia.

Интерпретција на лирска песна која е опфатена со програмата за основно образование е многу битен елемент во воспитно-образовниот процес кај учениците од одделенска настава. Постојат повеќе модели на кои може да биде интерпретиран на еден наставен час, но во овој труд ќе биде презентиран само еден пример модел. Во успешна интерпретација на лирската песна голема улога игра и наставникот и неговата улога во имплементирањето на сите фази од моделот во еден наставен час.

32. Kitanov, B., Kitanova, I. (2016) *.For some symbolist features in “The Little Prince” from Antoine De Sent Exupéry*. In: 10th International Balkan Congress on Education and Science “Education and Globalization”, Proceeding Book ,17-19 Sept 2015, Ohrid, Macedonia.

Трудот се фокусира на некои симболики во значењата во делото Малиот принц, каде што Егзипери користи поими кои имаат специфично значење и пренесуваат порака карактеристични само за него.

33. Ирена Китанова (2017). Читањето како потреба и радост. Book of Proceedings St.Kliment’s Lifework, International Scientific Conference, 23-24 June, 2016, Shtip.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во однос на стручно-апликативната и организациско-развојната дејност д-р Ирена Китанова била ангажирана како:

- член на Комисијата за спроведување на тајно гласање за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, 2019 година;
- член на Комисијата за изработка на елаборати за прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, 2019 година;
- член на Комисијата за избор на претседател на Катедрата за дидактика и методика при Факултет за образовни науки, 2019 година;
- продекан за настава на Факултетот за образовни науки, 2019 година;
- претседател на Комисијата за проверка на психофизички способности за уписите за учебната 2017/2018, Факултет за образовни науки;
- член на Комисијата за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки, за учебната 2017/2018 година;
- претседател на Комисијата за ревидирање на Учебникот по македонски јазик за петто одделение, 2018 година. Истата е формирана од Бирото за развој на образованието;
- член на Меѓународниот научен и уредувачки одбор за Шестата меѓународна научно-стручна конференција на Факултетот за образовни науки, 2018 година;
- член на Комисијата за предлог-реформи во основното образование при Факултет за образовни науки, 2018 година;
- член на Организациски одбор на Меѓународна научна конференција, Факултетот за образовни науки, 2017 година;
- член на Комисијата за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при УГД, за академската 2016/2017 година;
- претседател на Комисијата за спроведување на тајно гласање за самоевалуација на Факултетот за образовни науки, 2016;
- член на Уредувачки одбор на зборник на трудови од научно-стручна трибина на Факултетот за образовни науки, 2016, година;
- член на Организациски одбор за Четвртата научно-стручна конференција со меѓународен карактер на Факултетот за образовни науки, Штип, 2016 година;
- член на Катедрата за дидактика и методика при Факултетот за образовни науки.

**З А К Л У Ч О К  И  П Р Е Д Л О Г**

Согласно со член 164 од Законот за високо образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Ирена Китанова значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + СА) на поени за избор во звањето вонреден професор, остварувајќи вкупно 219,4 и тоа НО – 30 поени + НИ – 148,4 и СА- 41 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Ирена Китанова може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност таа како доцент потврдила дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување, како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмација на методиката на наставата по јазик кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на **Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Ирена Китанова да ја избере во звањето вонреден професор за наставно-научните области методика и образование на наставници.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јордан Стојаноски,** с.р.
**Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,** с.р.
**Проф. д-р Снежана Мирасчиева,** с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Избор во звање доцент | 30 |
| | **ВКУПНО** | **30** |

<table>
<tr><td rowspan="3">Р. бр.</td><td rowspan="3">Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности</td><td colspan="5">Поени</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во земјава</td><td colspan="2">Во странство</td><td rowspan="2">Вкупно</td></tr>
<tr><td>број</td><td>поени</td><td>број</td><td>поени</td></tr>
<tr><td>1</td><td>Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>Трудови: 1,2,3,6,7,8,9,11,15,20<br><br>Поени: 9x1,3;9x1,3;6x1;9x1,3;3x1; 9x1,3;<br>9x1,3;9x1;6x1;9x1,3</td><td colspan="4">9/6/3</td><td>94,2</td></tr>
<tr><td rowspan="3">2</td><td rowspan="3">Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>Во земјата: 10,13,16,17,18,19,21,24, 25,26,27,28,30,31,32,33<br>Поени:2x1; 2x1;2x1,3;2x1;2x1;2x1;2x1;2x1;2x1;2x1;2x1;2x1;2x1;2x1,3;2x1;2x1;2x1,3<br>Во странство:4,5,12<br>Поени:3x1,3; 3x1; 3x1;</td><td colspan="2">Во земјава</td><td colspan="2">Во странство</td><td rowspan="3">43,7</td></tr>
<tr><td>Број</td><td>Поени<br><br>2</td><td>Број</td><td>Поени<br><br>3</td></tr>
<tr><td>16</td><td>3x2x1,3<br><br>13x2x1</td><td>3</td><td>2x3x1<br>1x3x1,3</td></tr>
<tr><td rowspan="3">3</td><td rowspan="3">Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство</td><td colspan="2">Во земјава</td><td colspan="2">Во странство</td><td rowspan="3">6,5</td></tr>
<tr><td>Број</td><td>Поени 1/1,5</td><td>Број</td><td>Поени 1,5/2</td></tr>
<tr><td>3</td><td>3x1,5</td><td>1</td><td>1x2</td></tr>
<tr><td rowspan="3">4</td><td rowspan="3">Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал</td><td colspan="2">Во земјата</td><td colspan="2">Во странство</td><td rowspan="3">4</td></tr>
<tr><td colspan="2">1</td><td>2</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">4</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>ВКУПНО</td><td colspan="4"></td><td>148,4</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th rowspan="3">Р. бр.</th><th rowspan="3">Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност</th><th colspan="5">Поени</th></tr>
<tr><th colspan="2">Во земјава</th><th colspan="2">Во странство</th><th rowspan="2">Вкупно</th></tr>
<tr><th>број</th><th>Поени 2</th><th>број</th><th>Поени 6</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br><br>Трудови:14, 22, 23, 29<br>Поени:2x1;2x1;2x1; 2x1</td><td>4</td><td>4x2</td><td></td><td></td><td>8</td></tr>
<tr><td rowspan="2">2</td><td rowspan="2">Учесник во научен проект (максимум во три проекти)</td><td></td><td>5</td><td></td><td>8</td><td rowspan="2">5</td></tr>
<tr><td>1</td><td>5</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">3</td><td rowspan="2">Елаборати и експертизи</td><td></td><td>2</td><td></td><td>4</td><td rowspan="2">2</td></tr>
<tr><td>1</td><td>2</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>4</td><td>Продекан</td><td colspan="4">8</td><td>8</td></tr>
<tr><td>5</td><td>Член на факултетски орган, комисија</td><td colspan="4">9x2</td><td>18</td></tr>
<tr><td></td><td>ВКУПНО</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td>41</td></tr>
<tr><td></td><td>ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ</td><td colspan="4">30 +148,4 + 41</td><td>219,4</td></tr>
</table>

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-152/3 од 29.10.2019 година донесена на 185. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 18.6.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област право на Европската Унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 2.6.2020 година и во предвидениот рок се пријави:

- **д-р Ивица Јосифовиќ,** вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Ивица Јосифовиќ е вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ивица Јосифовиќ е роден на 14.12.1979 година во Скопје. Основното и средното образование ги завршува во Скопје, а во академската 1998/1999 година се запишува на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршува во април 2003 година со просечна оценка 8.17, со што се стекнува со звање дипломиран правник. Во 2004 година се запишува на постдипломските студии по меѓународно право и политика на Правниот факултет во Скопје. По положувањето на предвидените испити со просечна оценка 9.86 и изготвувањето на магистерскиот труд на тема „Политичките критериуми за прием во Европската Унија на државите од Централна и Југоисточна Европа – случајот на Република Македонија“, д-р Ивица Јосифовиќ истиот го брани на 13.7.2006 година пред Комисија за одбрана на магистерски труд во состав: проф. д-р Татјана Петрушевска – ментор, проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова – претседател и проф. д-р Сашо Георгиевски – член и се стекнува со звање академски степен магистер на правни науки – насока Меѓународното право.

На 26.11.2009 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ со одбрана на докторската дисертација на тема „Европската безбедносна и одбранбена политика: меѓу офанзивна (само)одбрана и граѓанска безбедност“, пред Комисија во состав проф. д-р Татјана Петрушевска (ментор), проф. д-р Денко Малески (претседател), проф. д-р Љубомир Фрчковски (член), проф. д-р Поликсена Гавровска (член) и проф. д-р Сашо Георгиевски (член), се стекнува со звање доктор на правни науки.

По дипломирањето стажира во адвокатска канцеларија, а од 2003 до 2007 година работи во повеќе македонски фирми и компании како правник.

Во април 2005 година е ангажиран од Македонското здружение на млади правници за спроведување на Проектот „Преземање на случај според Европската конвенција за човекови права“, а во ноември 2005 година за Проектот „Примена на членовите 5 и 6 од Европската конвенција за човекови права“, и двата финансирани од ОБСЕ и Советот на Европа.

Во август 2005 година учествува во спроведување на проектот на „Помирување на народите на територијата на поранешна Југославија, превенцијата од конфликти и перспективите на државите кон Европската Унија“ на Центарот за ненасилно дејствување на Босна и Херцеговина.

Во јуни 2006 година е претставник на Република Македонија на Регионалната школа „Образование за демократија“.

Од февруари 2007 година е волонтер на првиот приватен Универзитет ФОН, а од 2008 до 2011 година е ангажиран на Факултетот за правни науки како соработник од областа на правните науки во звање асистент во областа на правните дисциплини.

На 8.4.2010 година со Одлука бр. 14-664/3 на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки, едногласно е избран за наставник од областа на правните дисциплини во звање доцент.

На 8.4.2015 година со Одлука бр. 14-613/3 на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки едногласно е избран за наставник од областа на правото на Европската Унија во звање вонреден професор.

Со Одлука бр.2102-575/15 од 4.12.2015 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Ивица Јосифовиќ е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област јавна управа, а како вонреден професор преку Одделот за човечки ресурси на Универзитетот „Гоце Делчев“ е преземен од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во февруари 2017 година.

Од 2007 година до 2015 година имал наставен ангажман на Факултетот за правни науки, Факултетот за политички науки и Факултетот за детективи и безбедност во состав на Универзитетот ФОН во областа на правните дисциплини на предметите: Правда и внатрешни работи на Европската Унија; Заедничка надворешна и безбедносна политика; Дипломатско и конзуларно право; Човекови слободи и права и Уставно право.

Д-р Јосифовиќ учествува во работата на повеќе работни групи на Универзитетот ФОН за подготовка на студиските програми и општите правни акти на Универзитетот, како и во спроведување и правна поддршка на универзитетските проекти.

Од декември 2010 година е дел од Работната група на Република Македонија за спроведување регионални консултации со правната и научна заедница околу изготвувањето на Нацрт-статутот на РЕКОМ кои се извршувале во рамки на Фондот за хуманитарно право од Белград, Република Србија.

Во септември 2011 година е ангажиран од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на Република Македонија и Европскиот колеџ за безбедност и одбрана како предавач и обучувач на „Висока конференција: Безбедносната политика на Европа – дипломатија, одбрана и развој“, одржува предавање за улогата и придонесот на Република Македонија во европската безбедносна и одбранбена политика спроведена во рамки на Програмата за обука за заедничката безбедносна и одбранбена политика за земјите од Процесот на стабилизација и асоцијација за 2011 година.

Во април 2013 година, на покана на Министерството за одбрана во рамки на Меѓународната научна конференција одржа предавање на тема „Родовата рамноправност и перспектива во одбраната и безбедноста“.

Од јуни 2014 година до денес, д-р Ивица Јосифовиќ е ангажиран како предавач на Академијата за судии и јавни обвинители за почетна обука за Третиот модул „Меѓународно право и право на Европската Унија“, каде што спроведува предавања во неколку тематски целини: Историски развој на Европската Унија, Институции и тела на Европската Унија, Спроведување на правото на Европската Унија, Судот на правдата на Европската Унија, Област на безбедност, слобода и правда, Соработка во кривичната материја.

Од 2016 година е член на Советот за евроинтеграции на Македонската академија на науките и уметностите и Секретаријатот за европски прашања при Влада на Република Македонија, при што учествува во организација и подготовка на Меѓународната конференција „Република Македонија на патот кон Европската Унија (2020): искуства, предизвици, перспективи". Како резултат од членството во Советот и конференцијата, д-р Ивица Јосифовиќ одржал предавање и објавил труд.

Во периодот октомври-ноември 2017 година, д-р Јосифовиќ бил дел од Twinning проектот на Европската Унија во соработка со Министерството за правда на Хрватска, Министерството за правда на Латвија и Министерството за правда на Македонија со престој во Луксембург и обуки и предавања во Судот на правдата на Европската Унија.

Д-р Ивица Јосифовиќ има објавено неколку монографии, учебници, прирачници и брошури и над 50 научни и стручни трудови од областа на правото на Европската Унија и меѓународното право и политика. Учествувал во неколку научноистражувачки и апликативни проекти, како и на над 50 меѓународни научни конференции, советувања и собири. Д-р Јосифовиќ бил предавач и обучувач на десетина работилници и обуки од областа на правото на Европската Унија. Активно го владее англискиот јазик.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,17 и постдипломски студии 9,86;

- Научен степен – доктор на правни науки. Докторската дисертација со наслов „Европската безбедносна и одбранбена политика: меѓу офанзивна (само) одбрана и граѓанска безбедност" е одбранета на 26.11.2009 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

- Со Одлука бр. 14-664/3 од 20.2.2010 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН, д-р Ивица Јосифовиќ е избран во звање доцент од областа на правните дисциплини.

- Со Одлука бр. 14-613/3 од 8.4.2015 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН, д-р Ивица Јосифовиќ е избран во звање вонреден професор од областа право на Европска Унија.

- Претходен избор во звање - со Одлука бр.2102-575/15 од 4.12.2015 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип д-р Ивица Јосифовиќ е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област јавна управа, а како вонреден професор преку Одделот за човечки ресурси на Универзитетот „Гоце Делчев" е преземен од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во февруари 2017 година.

- Објавени научни трудови во референтна научна публикација во последните 5 (пет) години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието/зборни-кот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Josifovic Ivica, Kambovski, Igor (2019) | The Puigdemont case: the European Arrest Warrant and Mutual Trust at Risks, | Revija za Evropsko pravo, Udruzenjeza Evropsko pravo | 20 години |
| 2 | Josifovic Ivica, (2019) | The European arrest warrant and the protection of fundamental rights: the famous judgment in Aranyosi and Caldararu case | Меѓуна-родна научна конфе-ренција -Зборник на трудови | 6 години |
| 3 | Josifovic Ivica, (2019) | The Regulation 2017/1939 for the European Public Proseutor's Office: Between Enhanced Cooperation and unanimuty | Меѓуна-роден научен собир-Зборник на трудови | 9 години |
| 4 | Josifovic Ivica, (2019) | The future of Article 50: Implications from the Wightman case | Меѓуна-родна научна конфе-ренција -Зборник на трудови | 5 години |
| 5 | Josifovic Ivica (2019) | The European arrest warrant and the nonexecution grounds: case studies | Vizione | 16 години |
| 6 | Josifovic Ivica (2018) | The Preliminary Ruling Procedure of the Court of Justice of the European Union and the Common Foreign and Security Policy | Меѓуна-роден научен собир-Зборник на трудови | 7 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Josifovic Ivica (2018) | Reforming the European Union Judicial system: Simplicity or Complexity | Меѓуна-роден научен собир-Зборник на трудови | 12 години |
| 8 | Josifovic Ivica (2017) | European Union’s Dilemma: Democratization vis-à-vis Integration | Меѓуна-родна научна конфе-ренција<br>-Зборник на трудови | 18 години |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – APTIS Test (6.11.2015, British Council-Macedonia), Overall CEFR Grade – C.

- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Ивица Јосифовиќ има 15-годишна академска кариера во звања од помлад асистент до вонреден професор, на три универзитети. Спроведувал настава и вонnаставни активности, бил ментор на 50-тина дипломски трудови и 20 магистерски трудови. Автор е на неколку учебници и учебни помагала од областа на правото на Европската Унија. Извршувал неколку факултетски функции како раководител на катедра, координатор за ЕКТС, подготовка на програмски студии.

**Посебни услови:**

- Учество во научноистражувачки и стручно-апликативни проекти: во текот на 2017 година д-р Ивица Јосифовиќ учествувал во Twinning проектот на Европската Унија во соработка со Министерството за правда на Хрватска, Министерството за правда на Латвија и Министерството за правда на Македонија: Зајакнување на владеење на правото. Како резултат на проектот, остварена е посета на Судот на правдата на Европската Унија во Луксембург, со присуство на судења, меѓународни предавања и конференции, како и подготовка на извештаи.

- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – во периодот 2016-2020 година, како вонреден професор, д-р Ивица Јосифовиќ соработува со неколку колеги-доценти и докторанди на предмети од областа на право на Европска Унија во спроведувањето на наставата и вежбите.

- Рецензиран учебник/монографија – д-р Ивица Јосифовиќ, напишал и објавил еден учебник/монографија „Безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија“ во 2011 година (електронско издание) во 2020 година рецензирана од проф. д-р Димитар Мирчев и проф. д-р Александар Дончев во издание на „2-ри Август“ - Штип, за потребите на студиската програма на втор циклус студии на Факултетот за правни науки при Универзитетот ФОН.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Ивица Јосифовиќ со Одлука бр. бр.03/054 од 10.11.2007 година на Универзитетот ФОН - Скопје бил избран за асистент на Правниот факултет во областа на правните науки. Изведувал вежби на повеќе предмети од правната област.

Со Одлука бр. 14-664/3 од 20.2.2010 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН, д-р Ивица Јосифовиќ е избран во звање доцент од областа на правните науки. Изведувал настава и вежби по предметите Уставно право, Право на Европска Унија, Правда и внатрешни работи на Европската Унија, Дипломатско и конзуларно право.

Со Одлука бр. 14-613/3 од 8.4.2015 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на Универзитетот ФОН, д-р Ивица Јосифовиќ е избран во звање вонреден професор во наставно-научната област право на Европска Унија. Изведувал настава и вежби по предметите Уставно право, Право на Европска Унија, Правда и внатрешни работи на Европската Унија, Дипломатско и конзуларно право.

Со Одлука бр.2102-575/15 од 4.12.2015 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, д-р Ивица Јосифовиќ е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област јавна управа, а како вонреден професор преку Одделот за човечки ресурси на Универзитетот „Гоце Делчев“ е преземен од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во февруари 2017 година. Изведува настава и вежби по предметите Право на Европската Унија, Трговско право, Административно право, Институции на Европската Унија. Во текот на 2017 година со Одлука на ректорот, д-р Ивица Јосифовиќ е преземен од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Трудови и научна евалуација:**

1. The Puigdemont case: the European Arrest Warrant and Mutual Trust at Risks (Случајот Пуџдемон: Европскиот налог за апсење и заемната доверба во криза), објавен во број 2-3 од меѓународно научно списание „Revija za Evropsko pravo“, Udruzenje za Evropsko pravo, Kragujevac, во 2019 година, кое излегува 20 години, преведен на англиски јазик и редакциски одбор со 19 професори од 11 држави, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/21821/. Трудот го обработува случајот со Карлес Пуџдемон кој потврдува дека европското кривично право, особено системот на Европскиот налог за апсење (ЕНА) е во криза на доверба. Трудот ги разработува фактите на случајот, како и одлучувањето на Германскиот висок регионален суд на Шлезвиг-Холштајн кој го одби ЕНА издаден од властите на Шпанија за кривичното дело бунт поради недостаток на двоен криминалитет. Трудот, исто така, сугерира дека кризата е создадена со одбивањето на можноста прашањето да се упати до Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) во постапка по претходно одлучување се цел дополнително да се утврди Правото на ЕУ по критериумите за двоен криминалитет. Тоа доведе до намалување на довербата меѓу државите-членки, бидејќи шпанското судство било ставено на страна, а системот на ЕНА доведен во прашање. Заклучокот укажува на потребата од зајакнување на заемната доверба меѓу државите-членки, како и поголема вклученост на СПЕУ и евентуално решавање на случајот од страна на Европскиот суд за човекови права.
2. *The concept of the "national arrest warrant" and "judicial authority" for execution of the European arrest warrant (Концептот на „национален налог за апсење“ и „судски орган“ за извршување на Европскиот налог за апсење),* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 35 (5), 2019; презентиран на 35-тата Меѓународната научна

конференција „Знаењето – капитал на иднината“, одржана 14-16 декември 2019 година во Банско, Бугарија, Грција, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/23435/. Трудот претставува лични погледи и ставови во однос на Европскиот налог за апсење (ЕНА) преку неколку студии на случаи кои покажуваат нагорен тренд. Трудот го објаснува концептот на ЕНА преку националниот налог за апсење, како и потребата, а за целите од заштита на основните права, од издавање на ЕНА од страна на судски орган. Трудот објаснува како СПЕУ ги конструирал различните одредби на Рамковната одлука за Европскиот налог за апсење (РОЕНА) и дали и до кој опсег националните судови ја користат постапката по претходно одлучување во однос на мерките од кривичното право vis-à-vis заштитата на основните права.

3. *The European arrest warrant and the nonexecution grounds: case studies (Европскиот налог за апсење и условите за неизвршување: студии на случаи),* Vizione N. 32, 2019, објавен во 33. број на меѓународно научно списание „Визионе“ бр. 33, 2019 година, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/22649/. Трудот ги елаборира основите за неизвршување на Европскиот налог за апсење (ЕНА) преку преглед на неколку студии на случаи. Целта е да се илустрира образложението на националните власти во врска со нивното одлучување во извршувањето на ЕНА, како и анализата на улогата и пресудите на Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) кога националните судови упатуваат во прелиминарна постапка за толкување на правото на ЕУ и применливо правила на Рамковната одлука за Европскиот налог за апсење. Заклучокот се осврнува на главните аспекти на пресудите на СПЕУ, како и на заштитата на основните права и на тој начин се дава став во врска со (не)извршувањето на ЕНА, со оглед дека Судот ја зема предвид сериозноста на прекршокот и сериозноста на самиот случај.
4. *The future of Article 50: Implications from the Wightman case (Иднината на членот 50: Импликации од случајот Вајтман),* 5th International Scientific Conference Ohrid School of Law; 2019; објавен на 5-тата Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото“, одржана во мај 2019 година, со Научен одбор од 17 професори од 8 држави, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/23439/. Трудот ја елаборира постапката по претходно одлучување согласно со член 267 од Договорот за функционирање на Европската Унија (ДФЕУ) во случајот Вајтман и можноста за отповикување на нотификацијата за повлекување од ЕУ според член 50 од Договорот за Европската Унија. Затоа, покрај фактите од случајот предизвикано со постапката по претходно одлучување пред Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ), трудот го образложува значењето на прашањето упатено до Судот, за кое генералниот правобранител го дал своето мислење и Судот доставил пресуда.
5. The Regulation 2017/1939 for the European Public Proseutor’s Office: Between Enhanced Cooperation and unanimuty *(Регулативата 2017/1939 за канцеларијата на европскиот јавен обвинител: меѓу засилена соработка и едногласност),* Годишен зборник на Правен факултет, 2019; објавен во 9-тиот број на Годишникот на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/23467/. Трудот претставува продолжение на претходно објавениот труд во Годишникот на Правниот факултет во Штип од 2017 година, а се однесува на воспоставувањето на Канцеларијата на Европскиот јавен обвинител (КЕЈО). Освен претходното објаснување на телата кои се задолжени за борба против финансискиот криминал, како и објаснувањето на членовите 85 и 86 од Договорот од Лисабон кои ја создаваат можноста за воспоставување на КЕЈО, трудот посебно се осврнува на анализа на Регулативата 2017/1939 на Советот на Европската Унија за воспоставување на КЕЈО засновано на засилена соработка. КЕЈО значително ќе биде зависно од националното

право, не само поради тоа што обвинетите ќе бидат судени пред националните судови, туку бидејќи Регулативата вклучува ограничен број на правила за регулирање на истрагите и обвиненијата. Како прво Европско тело надлежно за усвојување на одлуки vis-à-vis поединците во кривичната област, КЕЈО претставува значителен напредок во кривичното право на ЕУ. Како што годишно се губат финансиските ресурси на ЕУ заради измама направена во сите држави-членки, се смета дека такво Европско тело надлежно да истражува такво незаконско однесување е повеќе од потребно. Бидејќи институцијата е предвидена да започне со работа од 2020 година, заклучокот упатува на одредени лични ставови од однос на идното функционирање на Канцеларијата.

6. *The European arrest warrant and the protection of fundamental rights: the famous judgment in Aranyosi and Caldararu case (Европскиот налог за апсење и заштитата на човековите права: познатата пресуда во случајот Aranyosi и Caldararu),* Proceedings of the Sixth International Scientific Conference ‹Social Changes in the Global World›, 2019; објавен на 6-тата Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет" одржана во септември 2019 година, со Меѓународен одбор од 40 професори од 14 држави, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/23440/. Трудот ги претставува личните ставови во однос на Европскиот налог за апсење преку познатата Aranyosi и Caldararu пресуда која упатува на позитивен тренд. По оваа пресуда, Судот на правдата на Европската унија започна да дава поголемо значење на човековите права. Пресудата објаснува различни одредби на Рамковната одлука за Европскиот налог за апсење и дали и во колкав опсег националните судови ја користат постапката за претходно одлучување во однос на мерките на кривичното право vis-à-vis заштитата на основните права.
7. The Preliminary Ruling Procedure of the Court of Justice of the European Union and the Common Foreign and Security Policy (Постапка по претходно одлучување на Судот на правдата на Европската Унија и Заедничката надворешна и безбедносна политика), **Balkan Social Science Review**, [S.l.], v. 11, n. 11, p. 39-51, June 2018, *рецензиран авторски научен труд објавен во Меѓународното списание* Balkan Social Science Review, бр.11, 2018 година, составено од меѓународен одбор од 18 професори од 9 странски држави, преведен на англиски јазик и достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21526/. Трудот ја анализира постапката по претходно одлучување пред Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) преку својата судска пракса, особено преку неодамнешните судски решенија, како што е Пресуда за случајот Роснефт од 28 март 2017 година. Случајот се однесува на изрекување рестриктивни мерки или санкции на физички и правни лица од областа на ЗНБП, па оттука и прашањето дали СПЕУ може да има јурисдикција и да им обезбеди на националните судови толкување на правото на ЕУ во случаи кои се однесуваат на ЗНБП. Трудот не спаѓа во анализата на случајот и фактите, туку во анализата на пресудата, одговорот на прашањето за утврдување на надлежноста, мислењето на генералниот правобранител, како и на значењето на пресудата во ЗНБП и импликациите кои произлегуваат од „специфични правила и процедури" што важат за законот во ЗНБП. Во заклучокот, трудот се однесува на некои размислувања во врска со идните автономни избори кога поединци и субјекти се предмет на општ режим на ЕУ за рестриктивни мерки под покровителство на ЗНБП.
8. Extradition of European Union Nationals to Third States: Analyzing the Petruhhin Case (Екстрадиција во Европската Унија на државјани на трети држави: Анализа на случајот Петрухин), Vizione, N. 31, December 2018, објавен во 31. број на меѓународно научно списание „Визионе" бр. 31, 2019 година, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21154/. Трудот кратко го претставува системот за екстрадиција на ЕУ, а потоа се осврнува на пресудата за случајот Петрухин, државјанин на ЕУ (Естонија) кој бил предмет на

барање за екстрадиција на трета држава (Русија) доставено до друга држава-членка на ЕУ (Латвија). Покрај пресудата, трудот го објаснува и мислењето на генералниот адвокат што во некои делови е спротивно на пресудата. На крајот е даден краток преглед на влијанието на правото на ЕУ и почитувањето на основните права, особено правото на недискриминација заснована врз националноста. Како заклучок се дадени можни упатства за тоа како СПЕУ би можел да се повика на оваа пресуда во иднина кога одлучува за споредливи ситуации.

9. Правниот и фактички контекст во постапката за претходно одлучување на Судот на правдата на Европската Унија – Анализа на случајот Огњанов (The Legal and Factual Context of the Preliminary Ruling Procedure of the Court of Justice of the European Union – Analyzing the Ognyanov Case), Годишен зборник на Правниот факултет, бр. 8, 2018, објавен во 8. број на Годишникот на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21529/. Трудот го објаснува случајот Огњанов пред Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) во постапка по претходно одлучување. Судот во Бугарија поднесе две упатувања до СПЕУ кои се однесуваат на примена на националното правило кое има за цел заштита на фундаменталните права на странките што има ефект на автоматско дисквалификување на суд кој упатува прашања за претходно одлучување заедно со фактичкиот и правен контекст на случајот, како и за толкување на Рамковната одлука за заемно признавање на судските пресуди во кривичната материја. Разработена е пресудата по случајот во двете упатувања, со цел да се добие целосен преглед на постапката за претходно одлучување пред Судот, како и да се претстават импликациите кои овој случај ги има врз домашното право на државите-членки и нивните обврски да го применуваат правото на Европската Унија.
10. Reforming the European Union Judicial system: Simplicity or Complexity, Collection of Papers (Реформирање на судскиот систем на Европската Унија: едноставност или комплексност), Faculty of Law NIŠ, No. 79, Year LVII, 2018, *рецензиран научен труд презентиран на Меѓународната научна конференција „Law in the context of addressing the challenges of the contemporary world“ одржана во Ниш, мај 2018 година, и објавен во Зборник на трудови достапен на* http://eprints.ugd.edu.mk/21530/. Трудот ги објаснува судските измени со влегување во сила на Договорот од Лисабон каде што судскиот систем на Европската Унија претрпе значајни реформи. Овој труд дава критички преглед на овие реформи, бидејќи е тешко да се проценат краткорочните и долгорочните импликации. Како заклучок се дадени неколку лекции и препораки со цел да се подобри ефикасноста и ефективноста на работата на Судот.
11. Судскиот активизам во рамки на Судот на правдата на Европската Унија: корисна критика или преценет концепт, Зборник на трудови – Општествени промени во глобалниот свет, Правен факултет - Штип, 2018, објавен на 5-тата Меѓунардона научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, одржана во септември 2018 година, со Меѓународен одбор од 40 професори од 14 држави, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21538/. Трудот има за цел да го разработи проблемот кој Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) го има во поглед на судскиот активизам, каде што сè повеќе национални врховни и уставни судови го критикуваат СПЕУ, не само за својот активизам туку и за неговата слаба техничка компетентност во некои пресуди авторот во трудот ги утврдува причините и притоа даде свое видување за иднината на судскиот систем на ЕУ, кој по Договорот од Лисабон претрпе неколку реформи, особено во начинот на избор на судиите, бројот на судиите во Генералниот суд, отстранувањето на специјализираните судови итн. Трудот заклучува дека СПЕУ треба повеќе да се фокусира на својата основна функција преку концентрирање на суштинските прашања и евентуално враќање кон тристепениот судски систем.

12. Прекуграничната соработка на Европската Унија во размената и процесирањето на е-докази: студии на случаи (Cross-border Cooperation within the European Union in the Exchange and Processing of E-evidence: case studies), Правник бр. 312, април 2018 г., објавен во стручно списание „Правник“, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21527/. Трудот дава одговор на повеќе прашања: Кои се основните предизвици со кои ЕУ и државите-членки се соочуваат при прибирањето на е-докази? Како тие ги решаваат проблемите? Дали може заедничка рамка на ЕУ да обезбеди солуции за нивно решавање?
13. Европски јавен обвинител: Анализа на членовите 85 и 86 од Договорот за Функционирање на Европската Унија (European Public Prosecutor: Analysis the Articles 85 and 86 of the Treaty of Functioning of the European Union), Правник бр. 313, мај 2018, објавен во стручно списание „Правник“, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/21528/. Трудот презентира сеопфатна интерпретација на проблемот со воспоставувањето на Канцеларијата на европскиот јавен обвинител. Авторот го разработува трудот во два дела. Прво, дава осврт и одговор на неколку претходни прашања кои ја отвораат можноста за воспоставување на Канцеларијата на европскиот јавен обвинител. Второ, го истражува Договорот од Лисабон и членовите 85 и 86, како и некои од прашањата кои треба да бидат решени, не само од практична перспектива, туку и со цел да се постигне согласност меѓу државите-членки. Во заклучот, авторот дава одредени препораки и насоки околу тоа како треба да изгледа Европскиот јавен обвинител, а тоа е преку создавење на независен ентитет кој има потреба од соработка со Европравда.
14. Case Study: European Union’s Cooperation in Exchanging and Processing E-Evidence (Студија на случаи: Соработката на Европската Унија во размена и процесирање на е-докази), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 19 (2), 2017; презентиран на 19-тата Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината“, одржана во септември 2017 година во Агиа Триада, Грција, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/19376/. Како почетна точка, трудот ги зема предвид релевантните национални студии на случаи како Франција, Германија и Италија за продлабочување на разбирањето на приватноста преку Интернет и борбата против терористичките и криминалните активности во секоја земја. Прашањата за е-докази и пристапот до и употребата на дигитални информации од судските и полициските сили за судења се меѓу клучните точки. Авторот одговара на повеќе прашања кои се однесуваат на податоците кои можат да се користат како доказ во судовите и судската соработка, како и за заштитата на приватноста на граѓаните. Авторот заклучува дека ЕУ треба да донесе заедничка рамка со која ќе се дефинира „е-доказ“, што е „давател на услуги“ и што значи да се „нуди услуги во ЕУ“. За да ја направи судската соработка поефикасна, ЕУ треба да ја разјасни примената на принципот на взаемно признавање.
15. European Union’s Cross-Border Cooperation in Exchanging and Processing Digital Evidence **(Прекугранична размена во рамки на Европската Унија во размена и процесирање на дигитални докази)**, Fourth International Scientific Conference “Social Change in the Global World”, Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law – Shtip, 2017, објавен на 4-тата Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, одржана во септември 2017 година, со Меѓународен одбор од 40 професори од 14 држави, објавен во Зборник на трудови, преведен на англиски јазик и достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/19380/. Авторот ја објаснува прекуграничната соработка и размената на информации меѓу државите-членки при соочување со закани од сериозен криминал. Авторот повикува на потребата

органите за спроведување на законот да бидат способни и поддржани ефикасно да спроведуваат истраги против терористички акти и терористички групи со употреба на технологија и комуникациска технологија. Авторот на крајот од трудот дава одговор на повеќе прашања: Кои се основните предизвици со кои ЕУ и државите-членки се соочуваат при прибирањето на е-докази? Како тие ги решаваат проблемите? Дали може заедничка рамка на ЕУ да обезбеди солуции за нивно решавање?

16. European Gendarmerie Force – Organization and Tasks (Европска жандармерија – организација и задачи), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 17 (2), 2017; презентиран на 17-тата Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана во мај 2017 година во Будва, Црна Гора, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/19378/. Авторот ја разработува Европската жандармерија како релативно млада меѓународна организација, опфаќајќи ја нејзината организација и нејзините задачи. Оттаму, трудот се осврнува на основните факти за Европската жандармерија, нејзиното основање, потребата од нејзиното постоење, нејзината структура и задачи. Бидејќи не постои доволно литература за иднината на Европската жандармерија и меѓународната соработка, ова претставува истражувачки труд. Во заклучок, авторот ги наведува основните недостатоци и тешкотии со кои се соочува Европската жандармерија, а кои се однесуваат на националните елементи на комуникациските и информатичките системи на државите-учеснички кои не се целосно интероперабилни и понекогаш инкомпатибилни, дека тактичкото ниво ќе биде засегнато од проблемите на интероперабилноста.
17. European Union's Dilemma: Democratization vis-à-vis Integration (Дилема на Европската Унија: демократизација vis-à-vis интеграција), International Scientific Conference: Security Concepts and Policies – New Generation of Risks and Threats, Faculty of Security, 2017; објавен во Зборник на трудови, преведен на англиски јазик и достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/19377/. Авторот во трудот го разработува процесот на демократизација на балканските држави, вклучително и Република Македонија, имајќи предвид дека сите тие се стремат кон членство во Европската Унија, но се соочуваат и со внатрешни проблеми и проблеми, што го прави процесот на демократизација на нивните општества тешко. Во однос на Република Македонија, во овој контекст, авторот упатува дека процесот на одлучување на Европскиот совет во врска со започнувањето на преговорите е тежок заради отворените прашања со соседите, што од друга страна, доведува до нарушување на внатрешно-политичкиот спор и заостанување во процесот на интеграција. Покрај тоа, авторот дава краток преглед на политичката криза во Република Македонија и (не)успешниот ангажман на Европската Унија во решавањето на двегодишната политичка криза. На крајот, во заклучокот авторот нуди можности и начини за идно вклучување на политиките на ЕУ во регионот.
18. European Union's Area of Freedom, Security and Justice After Brexit: Consequences and Future Prospects (Областа на слобода, безбедност и правда на Европската Унија по Брегзит: последици и идни перспективи), International Magazine for Social Sciences Vizione, 28/2017, 2017, Vizione, N. 28, July 2017, објавен во 28. број на меѓународно научно списание „Визионе" бр. 28, јули 2017 година, преведен на англиски јазик и достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/19379/. Авторот во трудот ги објаснува последиците од областа на слободата, безбедноста и правдата (ОСБП) и ги објаснува идните насоки во врска со развојот на оваа област по Брегзит. Авторот дополнително ја објаснува состојбата во ОСБП со Велика Британија во рамките на ЕУ и последиците

од активирањето на член 50 од Лисабонскиот договор. Како заклучок, авторот дава некои размислувања во врска со опсегот на соработка помеѓу Велика Британија и ЕУ во ОСБП, што може да постои по завршувањето на постапката на член 50 и официјалното излегување на Велика Британија од ЕУ.

19. Institutional vis-à-vis Policy Change: Crossing Pillars in the European Union's Area of Freedom, Security and Justice (Институционална vis-à-vis политичка промена: вкрстување на столбовите во областа на слобода, безбедност и правда на Европската Унија), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 16 (4), 2017; презентиран на 16-тата Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана во март-април 2017 година во Врњачка Бања, Србија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/19375/. Авторот во трудот дава објаснување за тоа зошто институционалните промени – сфатени како повеќе надлежности за супранационалните институции на Европската Унија – не доведоа до значителни политички промени во областа на слобода, безбедност и правда. Притоа, повлекува внимание на ограничувањата со кои новите овластени актери се соочија во времето на воведувањето на постапката за соодлучување. Понатаму, авторот го споредува значењето на новата процедура на одлучување со две алтернативни патеки кои потенцијално водат кон политичка промена, имено, покренување на постапка пред Судот на правдата на Европската Унија и ударот од неочекуваните надворешни настани. Понатаму, ги презентира наодите од еден систематски, компаративен и теоретски зафат во процесот на комунитаризација на областа на слобода, безбедност и правда, протегајќи се од полето на миграција преку организираниот криминал до заштитата на податоците. Кон крајот, авторот заклучува со неколку размислувања во однос на импликациите во институционалните и политички промени, поради активностите на Судот на правдата на Европската Унија и доминантната улога на Советот и државите-членки.
20. The Lisbon Treaty and the Police and Justice Cooperation: Special Emphasis to the European Public Prosecutor's Office (Договорот од Лисабон и полициската и судската соработка: посебен нагласок на Канцеларијата на европскиот јавен обвинител), **Časopis Pravne Teme, Departman za pravne nauke Univerziteta u Novom Pazaru, Godina 4, Broj 8, Novi Pazar, decembar 2016**, објавен во **меѓународно научно списание со уредувачки одбор од 19 професори од 9 странски држави, преведен на англиски јазик и достапен на** http://eprints.ugd.edu.mk/17571/. Трудот на авторот е двостран. Прво, авторот ги презентира промените во областа на слободата, безбедноста и правдата според Лисабонскиот договор, особено полицијата и правдата соработка во кривични прашања. Второ, авторот во трудот дава сеопфатно толкување на широко дискутираното прашање во врска со формирањето на Канцеларијата на јавниот обвинител на Европската Унија. Понатаму, авторот прави истражување на Лисабонскиот договор и на членовите 85 и 86, како и на некои теми потребни за разгледување, не само од практична гледна точка, туку и за постигнување договор меѓу земјите-членки. Во заклучокот, авторот дава неколку препораки и насоки за перспективата на европскиот јавен обвинител преку создавање на независен субјект со неопходна соработка од Европравда.
21. Crisis Management of the European Union and the Human Rights Aspect – Case Studies (Кризниот менаџмент на Европската унија и аспектот на човековите права: студии на случаи), Faculty of Security, Skopje, 2016; објавен на Меѓународна научна конференција на Факултетот за безбедност, одржана во мај 2016 година, преведен на англиски јазик и достапен на https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/07/2016-

tom-3.pdf. Авторот во трудот ја испитува улогата што ја има заштитата на човековите права во дејствувањето на Европската безбедносна и одбранебна политика (ЕБОП). Доаѓа до заклучок дека, од нормативна перспектива, развиен е цврст збир на правила и упатства за човекови права за операциите на ЕБОП, но во пракса, интеграцијата на компонентите за човекови права во мисиите на ЕБОП не е целосна. Овој труд го разгледува зајакнувањето на граѓанската компонента и интеграцијата на човековите права, како и спроведувањето на основните чекори за успешни мисии на ЕУ во конфликтните региони. За таа цел, авторот обработува студии на случаи кои имаат исклучиво значење за регионот и нејзината безбедност (Конкордија и ПРОКСИМА во Македонија и АЛТЕА и полициска мисија во Босна и Херцеговина). На крајот, авторот заокружува со низа препораки за зајакнување на човековите права како елемент на ЕБОП.

22. Europe's Migration/Refugee Crisis: Globalization at Risk (Мигрантска/ Бегалска криза: Глобализација во ризик), International Magazine for Social Sciences Vizione, 26/2016, 2016, објавен во 26. број на меѓународно научно списание „Визионе" бр. 28, јули 2017 година, преведен на англиски јазик и достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17048/. Авторот во трудот ги испитува предизвиците на ЕУ во областа на миграцијата и сугерира како владите на Брисел и ЕУ можат да промовираат своја форма на редот и сугестии за тоа како да се исправат тековните пристапи за да се олесни поефикасно и соодветно реагирање. Во трудот, авторот дава одговор на неколку важни прашања: дали географијата денес е поважна од трговијата? Како Европа може да се справи со конкуренцијата за промовирање алтернативни мерки и нови форми на моќ? Зошто постојат сојузи меѓу земјите-членки на ЕУ во врска со миграциската криза и која е нивната цел?
23. Democratization vis-à-vis Integration (Демократизација vis-à-vis интеграција), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 15 (2), 2016; презентиран на 15-тата Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана во декември 2016 година во Банско, Бугарија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/17053/. Трудот го разработува процесот на демократизација на балканските држави, меѓу кои и Македонија, имајќи предвид дека сите држави аспирираат за членство во Европската Унија, но се соочуваат со внатрешни проблеми кои го отежнуват процесот на демократизација на нивните општества. Авторот упатува дека демократијата е првиот и основен предуслов за евентуално започнување на преговори. Во трудот, авторот го разработува и начинот на кој Европската Унија и балканските држави се соочуваат со процесот на демократизација со цел да се даде една претстава и појасна слика за начинот на кој се пристапува кон евроинтегративните процеси. Исто така, авторот дава и кратко објаснување на политичката криза во Република Македонија, како и (не)успешното вклучување на Европската Унија во решавање на двегодишната политичка криза. На крајот од трудот е даден заклучок кој, на основа на искуството од минатото и со разбирање на сегашното, нуди лекции за идното дејствување на политиката на Европската Унија во регионот.
24. Europe at "War": Globalization vs. Geopolitics (Европа во војна: Глобализација против Геополитика), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 14 (1), 2016; презентиран на 14-тата Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана во октомври 2016 година во Грција, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од

29 професори од 7 држави, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17051/. Трудот ги испитува предизвиците на ЕУ во областа на миграцијата и сугерира како владите на Брисел и ЕУ можат да промовираат своја форма на редот и сугестии за тоа како да се реинтримираат тековните пристапи за да се олесни поефикасно и соодветно реагирање. Авторот обработува повеќе елементи кои се однесуваат на географијата и трговијата; конкуренцијата и нови мерки на моќ итн. Во заклучокот, авторот упатува на ставот дека глобализацијата може да го реши овој проблем со либерализација на прекуграничниот сообраќај на стоки, ресурси, капитал и услуги, со што ќе се олесни миграцискиот притисок и со тоа глобализацијата ќе послужи за зајакнување на најуспешната форма на територијалниот поредок што досега го создаде светот - национална репрезентативна демократија.

25. Democratization through Stability of Institutions (Демократизација преку стабилизација на институции), International Scientific Conference "Republic of Macedonia on the Road Towards the European Union (2020) – Experiences, Challenges, Perspectives" Macedonian Academy of Science and Arts, Secretariat for European Affairs, 2016, објавен во Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција одржана во мај 2016 година, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/17067/. Целта на овој труд е да го прикаже исполнувањето на политичките критериуми за да даде една јасна претстава за начинот на кој Македонија напредува кон процесот на европска интеграција. Авторот го објаснува актуелниот момент и отворените прашања на Република Македонија со соседите и процесите на донесување одлуки кои ја натераа Македонија да го сврти своето внимание и на политичката ситуација.
26. European Union Migration/Refugee Crisis: Opening the Pandora's Box? (Мигранска/Бегалска криза на Европската Унија: отворање на Пандорината кутија?), Međunarodna naučno-stručna konferencija „Svjetska izbjeglička kriza: izazovi i perspektive", Pravni fakultet, Univerzitet u Travniku, 2016, објавен во Зборник на трудови, преведен на англиски јазик и достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/17047/. Авторот во трудот ги објаснува предизвиците со кои се соочува ЕУ во областа на миграцијата и притоа дава сопствени предлози за тоа како да надминат проблемите со цел поефикасно и соодветно реагирање. Трудот дава одговор на повеќе прашања со цел да ги објасни политичките, правните и институционалните аспекти на овој многу сложен феномен. Како заклучок ќе бидат изнесени неколку предлози за можни решенија.
27. Europe's Migration Crisis: European Union at Failure (Мигрантска гриза во Европа: Европската унија во неуспех), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 12 (2), 2016 година, презентиран на 8. Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана во април 2016 година во Бугарија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/17050/. Трудот ја разработува мигрантската/бегалската криза која се појави во текот на 2015 година, како и одговорот на ЕУ преку објавување на Европска агенда за миграција со која се соединуваат различните чекори што ЕУ мора да ги преземе за да се изгради кохерентен и сеопфатен пристап кон миграцијата. Трудот дава одговор на бројни прашања со цел да ги објасни политичките, правните и институционалните аспекти на овој многу сложен феномен, додека во заклучокот, авторот изнесува сопствени предлози за можни решенија.
28. Case study: Concordia mission of the European Union and the Lessons Learned (Студија на случај: Мисијата Конкордија на Европската Унија и научени лекции), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 11 (1), 2015; презентиран на 7. Меѓународната

научна конференција „Знаењето – капитал на иднината“, одржана во декември 2015 година во Банско, Бугарија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/15538/. Целта на авторот во трудот е да направи преглед на воената мисија „Конкордија“ и да го претстави постигнатиот успех или неуспех во извршувањето на задачите на терен. Понатаму, во трудот е елабориран случајот со употреба на средствата на НАТО за мисиите на ЕУ, во кој Турција има посебна улога како членка на НАТО, но не и како членка на ЕУ. Авторот наведува лекции од мисијата „Конкордија“, како и потврдени недостатоци, додека во заклучокот дава предлози за подобрување на ефикасноста и способноста на Европската безбедносна и одбранбена политика при спроведување на воени и цивилни мисии.

29. Post-Conflict Role of the European Security and Defence Policy (Постконфликтна улога на Европската безбедносна и одбранбена политика), Journal of Process Management – New Technologies, International (JPMNT), Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 11 (1), 2015; презентиран на 7. Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината“, одржана во декември 2015 година во Банско, Бугарија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави, достапен на http://eprints.ugd.edu.mk/15541/. Авторот ги објаснува реалните услови во светските геополитички настани и конфликтите во регионите близу Европа. Ја објаснува улогата на ЕУ, која како институција воспостави систем за превенција и управување со последиците од кризата што почнува да се развива или веќе се наоѓа во развиена фаза. Заклучува дека управувањето со кризи во конфликтните региони има цел да ги спречи негативните ефекти од конфликтот врз социјалниот, економскиот и безбедносниот систем на општеството, како и да се заштитат државите-членки на ЕУ.
30. European/Common Security and Defence Policy after the Lisbon Treaty: European but not Common (Европска/Заедничка безбедносна и одбранбена политика: европска, но не заедничка), International Scientific Conference “Contemporary Security Paradigms and Challenges: Theory and Practice”, Faculty of Philosophy, 2015. Трудот ја објаснува институционалната поставеност на оперативниот дел на Заедничката надворешна и безбедносна политика - Европската / Заедничка политика за безбедност и одбрана. Објаснети се измените со Договорот од Лисабон и начинот на водење на надворешната, безбедносната и одбранбената политика на Европската Унија, што ја прави последната политика во која се институционализира меѓувладиниот пристап. Во трудот се објаснети тешкотиите со кои се соочуваат институциите и државите-членки, имајќи го предвид принципот на суверенитет и процесот на одлучување во оваа специфична област.
31. Criminal Law in the Lisbon Treaty and the Police and Justice Cooperation in Criminal Matters (Кривичното право во Договорот од Лисабон и Полициската и судската соработка во кривичната материја), презентиран на 10-тата Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината“, одржана 2-4 октомври 2015 година во Агиа Триада, Грција, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави. Во трудот се презентирани измените во областа на слобода, безбедност и правда според Договорот од Лисабон, со посебен осврт на полициската и судската соработка во кривичната материја.
32. NATO vs. European Security and Defence Policy: Divergent Concepts of Security (НАТО наспроти Европската безбедносна и одбранбена политика: Различни безбедносни концепти), презентиран на 5. Меѓународната научна конференција на Факултетот за безбедност „Researching Security - Approaches, Concepts and Policies”, одржана 2-3 јуни

2015 година во Охрид, Република Македонија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 12 професори од 9 држави, достапен на https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/07/2015-tom-3.pdf. Во трудот се разработуваат проблемите кои се појавуваат на меѓународната сцена за време на преземањето на автономни мисии и учеството на државите-членки на ЕУ и НАТО. Во трудот се опфатени неколку фактори кои влијаат на меѓусебните односи, за во заклучокот бидат дадени предлози за решавање на заедничките проблеми.

33. Court of Justice of the European Union and the Common Foreign and Security Policy (Судот на правдата на Европската Унија и Заедничката надворешна и безбедносна политика), презентиран на 9. Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана 21-25 мај 2015 година во Банско, Бугарија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави. Во т***рудот се разработени одредбите од Договорот од Лисабон во поглед на јурисдикцијата на Судот на правдата на Европската Унија во Заедничката надворешна и безбедносна политика, каде што е утврдено дека Судот на правдата и натаму нема јурисдикција над Заедничката надворешна и безбедносна политика, но сепак, воведени се некои измени кои се однесуваат на можноста Судот да ја разгледува валидноста на актите кои се усвојуваат од Советот, а со кои се наметнуваат рестриктивни мерки на индивидуи***.

34. Islamic Radicalism and the European Union – Preventive Policy (Исламскиот радикализам и Европската Унија – Политика на превенција), презентиран на 9. Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана 21-25 мај 2015 година во Банско, Бугарија и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави. Во трудот се опфатени безбедносните и социолошки аспекти за менацирање и контрола на развојот на верскиот радикализам на територијата на Европската Унија, кој претставува сè поголем и покомплексен проблем, со неколку предлози за превенција и преземање на мерки за спречување и борба против верската радикализација и тероризам.

35. Institutional Issues and Difficulties of the Lisbon Treaty and the European\Common Security and Defence Policy (Институционални прашања и проблеми во Договорот од Лисабон и Европската заедничка безбедносна и одбранбена политика), презентиран на Меѓународниот научен собир „Право и друштвена стварност", одржан на 24 јуни 2014 година во Косовска Митровица, Косово, преведен на англиски јазик и објавен во зборник на трудови со меѓународен научен одбор. Трудот ја објаснува институционалната поставеност, според Договорот од Лисабон, на оперативниот дел на Заедничката надворешна и безбедносна политика – Европската/Заедничка безбедносна и одбранбена политика. Трудот, понатаму, ги објаснува тешкотиите со кои се соочуваат институциите и државите-членки на Европската Унија, имајќи ги предвид принципот на суверенитет и процесот на одлучување. Во заклучокот, авторот прави осврт со неколку препораки за подобрување на перформансите на Европската Унија како надворешно-безбедносен актер.

36. European Public Prosecutor: Reform *De Novo*, (Европски јавен обвинител: reform de novo), презентиран на 4. Меѓународна научна конференција на Факултетот за безбедност „Македонија и Балканот, 100 години од Првата светска војна - Безбедност и Евроатлантски интеграции" одржана на 3-5 јуни 2014 година во Охрид, Република Македонија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 12 професори од 10 држави. Во трудот се објаснува можноста од формирање на Канцеларијата на европскиот јавен обвинител која е предвиден со член 86 од Договорот од Лисабон. Целта на трудот е да се утврди потребата од формирање на таква канцеларија и да се создаде тело со

определена автономност. Во трудот авторот дава одговор на неколку прашања, особено на правното и политичко прашање во однос на членовите 85 и 86 од Договорот од Лисабон, за на крајот даде свој личен заклучок и размислување околу можноста од воспоставувањето на Канцеларијата на европскиот јавен обвинител.

37. Institutional Issues and Difficulties of the Lisbon Treaty and the European\Common Security and Defence Policy, (Институционални прашања и проблеми во Договорот од Лисабон и Европската Заедничка безбедносна и одбранбена политика), презентиран на Меѓународниот научен собир по повод 35 години од високото образование во областа на бебзедноста, одржан на 8 октомври 2013 година во Скопје, преведен на англиски јазик и објавен во зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 9 професори од 7 држави. Трудот ја објаснува институционалната поставеност, според Договорот од Лисабон, на оперативниот дел на Заедничката надворешна и безбедносна политика – Европската/Заедничка безбедносна и одбранбена политика. Трудот, понатаму, ги објаснува тешкотиите со кои се соочуваат институциите и државите-членки на Европската Унија, имајќи ги предвид принципот на суверенитет и процесот на одлучување. Во заклучокот, авторот прави осврт со неколку препораки за подобрување на перформансите на Европската Унија како надворешно-безбедносен актер.
38. The Lisbon Treaty and the Area of Justice and Home Affairs: Competences and Decision-making Process (Договорот од Лисабон и областа на слобода, безбедност и правда: надлежности и процес на одлучување), презентиран на 6. Меѓународната научна конференција „Знаењето – капитал на иднината", одржана 21-23 мај 2014 година во Охрид, Република Македонија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 29 професори од 7 држави. Во трудот се претставени измените во областа на правдата и внатрешните работи на Европската Унија кои со Договорот од Лисабон потпаднаа под работите на Европската заедница, формирајќи единствена област на слобода, безбедност и правда во која квалификуваното мнозинско гласање и со-одлучувањето се општо правило како и другите легислативни процедури. Трудот понатаму ги разработува измените кои се однесуваат на надлежностите на Унијата и процесот на одлучување во однос на сите аспекти на правдата и внатрешните работи, како и проширувањето на надлежноста на Европската комисија, Европскиот парламент и Судот на правдата. Во заклучокот се дадени одредени препораки и насоки за идното функционирање и одлучување во областа на слободата, безбедноста и правдата.
39. European Union Civilian Capabilities – Police Missions in the Balkans and Future Developments (Цивилните способности на Европската Унија - Полициските мисии и иден развој), презентиран на 3. Меѓународна научна конференција на Факултетот за безбедност „Балканот меѓу минатото и иднината: Безбедност, решавање на конфликти и Евроатлантски интеграции", одржана 5-8 јуни 2013 година во Охрид, Република Македонија, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 19 професори од 12 држави. *Во овој труд, авторот Јосифовиќ се осврнува на создавање на способностите за цивилно дејствување на Европската Унија преку Европската безбедносна и одбранбена политика. Авторот низ студии на случаи го објаснува спроведувањето на цивилните мисии, како и искуството кое произлегува од спроведените полициски мисии, мисиите за владеење на правото, мисиите за реформи во безбедносниот сектор, како и мониторинг мисиите. Авторот во трудот ги претставува спроведените полициски мисии на Балканот и на основа на научените лекции дава свој заклучок и размислување во насока на подобрување на способностите на Европската Унија за спроведување на натамошни цивилни мисии.*

40. Gender mainstreaming and perspectives in the context of European Security and Defence Policy (Родово интегрирање и перспективи во контекст на Европската безбедносна и одбранбена политика), презентиран на Меѓународната научна конференција во организација на Министерството за одбрана „Родова рамноправност и родова перспектива во одбраната и безбедноста“, одржана 23-24 април 2013 година во Скопје, Република Македонија, преведен на англиски и објавен во Меѓународно научно списание „Современа македонска одбрана“ со меѓународен научен одбор составен од 9 професори од 7 држави. *Авторот Јосифовиќ, во овој труд, го објаснува родовото интегрирање специфично за планирање на мисиите на Европската Унија, практичните аспекти и употребата на имплементираните и чувствителни родови политики. Во трудот авторот понатаму дава одговор на прашањата зошто е потребно родово интегрирање во безбедноста, како и недостатоците поради неуспехот за активно родово интегрирање. На крајот, авторот во заклучокот прави критички осврт на некои од правните документи на Европската Унија со давање неколку препораки кои се од големо значење за родовото интегрирање.*
41. Legal analysis of the International Court of Justice judgment in the dispute between the Republic of Macedonia and the Republic of Greece: no room for synergy? (Правна анализа на пресудата на Меѓународниот суд на правдата во спорот меѓу Република Македонија и Република Грција: нема простор за обединување?), презентиран на 12. Меѓународен научен собир на Универзитетот Синергија “Kvalitet-Put u Evropu”, одржан на 29 март 2013 година во Бјелина, Босна и Херцеговина, преведен на англиски јазик и објавен во Зборник на трудови со меѓународен научен одбор составен од 21 професор од 6 држави. Д-р Јосифовиќ во овој труд го објаснува правното и морално значење на пресудата на Меѓународниот суд на правдата во случајот меѓу Република Македонија и Република Грција донесена во декември 2011 година. Авторот разработува неколку прашања околу значењето на пресудата, која е нејзината правна важност надвор од системот на ОН, за да даде свој заклучок околу можноста за судско решавање на спорот или покренување на советодавно мислење од страна на Меѓународниот суд на правдата.
42. European Union Civilian Capabilities – Police Missions in the Balkans and Future Developments (Цивилните способности на Европската Унија - Полициските мисии на Балканот и иден развој), презентиран на 2. Меѓународен научен собир „Дани Арчибалда Рајса“, одржан на 1-2 март 2012 година на Криминалистичко полициската академија во Белград, Република Србија, преведен на англиски јазик и објавен во Тематски зборник од меѓународно значење составен од 13 професори од 7 држави. *Во овој труд авторот Јосифовиќ се осврнува на создавање на способностите за цивилно дејствување на Европската Унија преку Европската безбедносна и одбранбена политика. Авторот низ студии на случаи го објаснува спроведувањето на цивилните мисии, како и искуството кое произлегува од спроведените полициски мисии, мисиите за владеење на правото, мисиите за реформи во безбедносниот сектор, како и мониторинг мисиите. Авторот во трудот ги претставува спроведените полициски мисии на Балканот и на основа на научените чекции дава свој заклучок и размислување во насока на подобрување на способностите на Европската Унија за спроведување на натамошни цивилни мисии.*
43. A Comparative analysis of the Judicial Reforms – The Designation of the Academy for training of Judges and public prosecutors (Компаративна анализа на судските реформи - поставеноста на Академијата за судии и јавни обвинители), презентиран на 5. научна расправа „Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на Европската Унија“, одржана на 18 декември 2008 година во Македонската академија на науките и уметностите и објавен во Зборник на трудови „Реформата

на институциите и нејзиното значење за развојот на Република Македонија“. Авторот на трудот првин ги опфаќа реформите во судството како дел од политичките критериуми потребни за членство во Европската Унија. Посебен осврт е даден на судските реформи во државите од Централна и Источна Европа, како и судските реформи во Република Македонија, преку една компаративна анализа и користење на позитивното искуство. Вториот дел од трудот авторот го посветува на обуката на судиите и јавните обвинители во Република Македонија преку Академијата за судии и јавни обвинители, повторно преку една компаративна анализа и користење на позитивното искуство на другите држави-членки на Европската Унија. Во заклучокот авторот преку разработка на Законот за академија смета дека реформите нема да ги дадат посакуваните резултати доколку не се воспостави систем на обука, регрутација, напредување и оценување на судиите.

44. European Security and Defence Policy and its Human Rights Aspect – A Case Study (Европската безбедносна и одбранбена политика и аспектот на човековите права - студии на случаи) презентиран на 5. научна расправа „Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на Европската Унија“, одржана на 8 ноември 2008 година во Македонската академија на науките и уметностите и објавен во Зборник на трудови: Европските стандарди за човековите права и нивната имплементација во правниот систем на Република Македонија. Во трудот, авторот д-р Ивица Јосифовиќ се осврнува на Европската безбедносна и одбранбена политика и корпусот на човекови права. Авторот недвосмислено го застапува становиштето според кое, и покрај евидентниот развиток на политиката за човекови право во рамки на Европската безбедносна и одбранбена политика, потребен е извесен напредок во насока на зајакнување на човековите права и во интегрирањето на родовите, како и подобрување на тренингот и процедурите за проценка. Авторот забележува дека сѐ уште не постои поволна можност да се пристапи кон идентификување на експлицитен и систематски пристап кон човековите права како една од посакуваните цели во оваа насока. Во заклучокот, авторот дава осврт на неколку клучни препораки кои како такви имаат исклучително значење за аспектот на човековите права во рамки на Европската Унија.
45. From the need for a constitution to the enforced Reform Treaty (Од потреба за Европски устав до изнуден Реформски договор), презентиран на 1. научна расправа „Хармонизација на правниот систем на Република Македонија со правото на Европската Унија“, одржана на 10 декември 2007 година во Македонската академија на науките и уметностите и објавен во Зборник на трудови: Еволуцијата на уставниот систем на Република Македонија во пресрет на усвојувањето на Уставниот договор на Европската Унија. Во овој свој труд, авторот д-р Јосифовиќ ги аргументира случувањата во Европската Унија по референдумските дебакли во Франција и Холандија. Констатира дека Уставот е очигледно мртов во поглед на неговото прифаќање од страна на државите членки. Истакнува дека две претходни прашања се дискутирани пред да се добие главната слика околу Реформскиот договор или Договорот од Лисабон. Првата прашање е околу потребата од федерална Европа, а второто претходно прашање се однесува на конструкцијата на нацрт-уставниот договор. По објаснувањето на најзначајните измени предвидени со Договорот од Лисабон, авторот во заклучокот дава свое согледување околу имплементацијата, стапувањето во сила и импликациите кои новиот договор ќе ги има врз државите-членки на Европската Унија.
46. Globalization: how risky, how secure (Глобализација: колку ризична, колку безбедна), презентиран на Меѓународната научна конференција „Глобализацијата, мирот и безбедноста“, одржана на 18-19 октомври 2007 година на Филозофски факултет во

Скопје и објавен во Зборник на трудови со меѓународно значење. Авторот во трудот ги објаснува новите опасности и предизвици кои во ерата на глобализацијата добиваат универзален карактер, претставувајќи закана за светската безбедност. Понатаму, д-р Јосифовиќ дава одговор на неколку прашања, меѓу кои: Зошто создавањето на нов систем на меѓународна безбедност се одвива бавно и со тешкотии? Кои се основните фактори што ја одредуваат динамиката и цврстината на новите опасности и предизвици што го конфронтираат човештвото во 21 век? Што треба светската заедница да направи за да се заштити од новите закани? На крајот, авторот смета дека е потребно, во процесот на глобализацијата, колективно насочено влијание од светската заедница, за да не се зголемат старите проблеми на меѓународната безбедност кои ќе предизвикаат нови ризици и предизвици.

47. Name dispute with the Republic of Greece – possible implications for EU and NATO (Спорот со Република Грција во однос на името - можни импликации за влез на Република Македонија во Европската Унија и НАТО), презентиран на Научниот собир „Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ - состојби и перспективи“, одржан на 1-2 јуни 2007 година и објавен во Зборник на трудови. Во овој труд, авторот д-р Јосифовиќ најпрвин дава краток опис на процесот на меѓународното признавање, настанокот на спорот за името со Република Грција и неговата правно-политичка дефинираност. Понатаму, авторот разработува неколку опции кои ѝ стојат на располагање на Република Македонија за да го оствари своето право да биде нарекувана според уставното име. Д-р Јосифовиќ, во трудот, дава и објаснување на Привремената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција и задолжителната надлежност на Меѓународниот суд на правдата во случај на судско решавање на спорот. Во заклучокот, авторот се осврнува на можни начини за решавање на спорот и евентуалните импликации кои би постоеле за Република Македонија при влезот во НАТО и Европската Унија од таквото решавање на спорот.
48. Republic of Macedonia and the Issue of Unemployment - Seeking Answer for Integration in the European Union (Република Македонија и прашањето на невработеноста - барање одговор во интеграцијата во Европската Унија), презентиран на Научниот собир „Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ - состојби и перспективи“, одржан на 1-2 јуни 2007 година и објавен во Зборник на трудови. Откако авторот го објаснува поимот на глобализација, се осврнува на клучните елементи на трудот, тоа се економската глобализација и заштитата на животната средина преку пазарно ориентираните програми. Во заклучокот, авторот дава одговор на прашањето како Република Македонија да се постави на процесот на глобализација, потребата од зголемување на мобилноста на капиталот, како и потребата од пренос на знаења.
49. Economic Globalization and Environment: Key Factor for the Integration of the Republic of Macedonia in the European Union (Економската глобализација и животната средина: клучен фактор за интеграција на Република Македонија во Европската Унија), презентиран на Научниот собир „Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ - состојби и перспективи“, одржан на 1-2 јуни 2007 година и објавен во Зборник на трудови. По краткиот вовед, д-р Јосифовиќ дава објаснување на невработеноста во Република Македонија со графички и статистички приказ. Понатаму, авторот дава приказ на миграциите на работната сила во Европската Унија и какви работни места нуди Европската Унија, за да направи копаративна анализа на структурата на невработеноста во Република Македонија. Во заклучокот, авторот констатира дека структурата на невработеноста во Република Македонија е поволна во однос на можноста за решавање на прашањето на невработеност преку миграцијата на работната сила во Европската Унија.

50. Политичките критериуми за прием во Европската Унија на државите од Централна и Источна Европа: случајот на Република Македонија, објавен во Зборник посветен на почесни доктори, доктори и магистри на науки, на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, 2006 година. Трудот го анализира процесот на проширување, со комплетна ретроспектива на процесот на проширување со државите од Централна и Источна Европа. Трудот концизно ги објаснува Копенхагенските политички критериуми на начин на кои тие се исполнети од државите од Централна и Источна Европа при водењето на нивните преговори за членство. Авторот прави компаративна анализа на степенот на исполнување на политичките критериуми со Република Македонија, истовремено давајќи своја анализа за иднината на процесот на проширување, дали треба да продолжи и на кој начин.

***Научни, стручни книги или монографија:***

1. Европска безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија, учебник и монографија, рецензирана од проф. д-р Димитар Мирчев и проф. д-р Александар Дончев во издание на „2-ри Август“ - Штип, 2011 година, за потребите на студиската програма на вториот циклус на студии на Факултетот за правни науки при Универзитетот ФОН.

***Приказ на магистерскиот труд***

Магистерскиот труд со наслов „Политичките критериуми за членство во Европската Унија на државите од Централна и Источна Европа: Случајот на Република Македонија“ го анализира процесот на проширување и степенот на исполнетост на политичките критериуми како дел од Копенхагенските критериуми за членство во Европската Унија. Трудот е напишан на 190 страници, структурирани во 7 дела, со заклучни согледувања, табели, прикази и предлози.

На почетокот авторот дава кусо поимно определување на категоријалните поими на Европската заедница, Европската Унија, процесот на проширување, Централна и Источна Европа, Западен Балкан и Република Македонија, што значат и во кој контекс се користени во натамошниот дел на трудот.

Понатаму, авторот се осврнува на историјатот на процесот на проширување од 1973 до 1995 година, опфаќајќи ги притоа првите четири бранови, со претставување на условите потребни за прием во членство на Заедниците.

Во третиот дел е претставен процесот на проширување кон државите од Централна и Источна Европа согласно со Копенхагенските критериуми. Објаснети се критериумите за членство со посебен осврст и посветување поголемо внимание на политичките критериуми. Процесот на проширување е опфатен хронолошки со објаснување на сите позначајни настани, потпишувањето на европските договори и нивното значење, сите поважни самити и договори, Агендата 2000, Договорот од Ница и сето она што го одбележува историското проширување. На крајот е опишана Европската Унија со 25 држави-членки заедно со придобивките и недостатоците.

Четвртиот дел го прикажува, преку компаративниот метод, исполнувањето на политичките критериуми за влез во Европската Унија од страна на десетте новопримени држави од 1 мај 2004 година, а кои се однесуваат на стабилноста на институциите кои гарантираат владеење на правото, почитување и заштита на човековите слободи и права, како и почитување и заштита на правата на националните малцинства.

Петтиот дел се однесува на Западниот Балкан и интеграцијата во ЕУ преку Процесот на стабилизација и асоцијација (Спогодбите за стабилизација и асоцијација, трговските мерки, финансиската помош, регионалната соработка) и одржаните самити со кои се искажува целосната поддршка за интеграција на овој дел од Европа во Европската Унија. Централен дел на трудот претставува шестиот дел, во кој авторот се осврнува на она што има најголе тежина за магистерскиот труд, а тоа е интеграција на Република Македонија, што претставува јасно и недвосмислен стратешки интерес и приоритетна цел.

Шестиот дел го опишува развојниот пат на односите на Република Македонија со Европската Унија. Опфатено е поднесувањето на апликацијата за членство, одговорите на прашалникот, позитивното мислење на Европската комисија, како и статусот кандидат за членство. Во овој дел, авторот посебно ја разработува Спогодбата за стабилизација и асоцијација и паралелата со европските договори, како и Аналитичкиот извештај од Европската комисија, според кој Република Македонија има статус-кандидат за членство.

Во седмиот дел, кој заедно со четвртиот има централно место во изработката на магистерскиот труд, авторот ја прикажува компаративната анализа на степенот на исполнување на политичките критериуми на Република Македонија. Авторот на крајот ја опфаќа и Регионалната соработка, како посебен политички критериум со државите како од Западен Балкан, така и со државите кои не припаѓаат на Западен Балкан.

На крајот, трудот содржи заклучни согледувања и конкретни предлози на авторот Јосифовиќ околу иднината на проширување, што е она што Република Македонија треба да го направи и на што треба да се фокусира за да ги заврза и заклучи европските интеграции.

***Приказ на докторската дисертација***

Предмет на истражување на докторската дисертација „Европската безбедносна и одбранбена политика: меѓу офанзивна (само)одбрана и граѓанска безбедност“ е Европската безбедносна и одбранбена политика како оперативен дел на Заедничката надворешна и безбедносна политика, според многумина единствената област и последниот дел кој недостасува за комплетирање на политичката интеграција на Унијата. Авторот посебно ја проучува улогата на Европската безбедносна и одбранбена политика на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија која на својата територија имала три мисии, една воена и две цивилни.

Основната хипотеза од која тргнува авторот е тоа дека Европската Унија преку вториот, меѓувладин, столб, иако има на располагање средства и способности кои се користат на повеќе делови од светот е сè уште цивилна сила која допрва треба да се развие во ентитет кој ќе може да биде релевантен учесник на меѓународната сцена, во услови на постоење на колективна одбранбена организација. Доколку Европската безбедносна и одбранбена политика е навистина средство, а не крај, тогаш авторот смета дека треба да се дозволи развој на воените и цивилни способности со доволна флексибилност за проширување на политичките опции во решавањето на кризите од секаков вид.

Целта на истражувањето на наведениот предмет, според Јосифовиќ е комплексна и се состои од два клучни аспекта: најпрво, преку историскиот развој авторот дава преглед на комплексноста и испреплетеноста на разни актери во процесот на одлучување во рамки на Европската безбедносна и одбранбена политика, што го усложнува процесот и, второ, преку присуството на Европската и безбедносна политика во Африка, Азија, Балканот, а особено Република Македонија, авторот ги прикажува научените лекции од надворешното дејствување на Унијата, со цел отстранување на постоечките недостатоци.

Во заклучокот од првиот дел се дадени коментари и забелешки во три клучни аспекти: прво, во однос на институционалната поставеност се врши процена на успехот/

неуспехот на Договорот од Лисабон во областа на Заедничката надворешна и безбедносна политика и посебно на Европската безбедносна и одбранбена политика; второ, врз основа на развојот се претставени основните недостатоци во одбранбената политика и, трето, врз основа на праксата и научените лекции од мисиите на Европската безбедносна и одбранбена политика се дадени предлози за практично подобрување и зголемување на европските безбедносни и одбранбени способности.

Во заклучокот на вториот дел се дадени научените лекции од мисиите на Европската безбедносна и одбранбена политика на Балканот, истакнувајќи ги недостатоците кои во идните мисии треба да бидат сведени на минимум, доколку не може веднаш да бидат отстранети.

Во конечниот заклучок се дадени заклучни забелешки и согледувања за решавањето на поставените проблеми, кои во основа ја потврдуваат хипотезата која е поставена во основниот дел дека: Европската Унија, преку Европската безбедносна и одбранбена политика, е сѐ уште цивилна сила. Анализиран е концептот на „офанзивна самоодбрана“, како концепт кој се однесува на „офанзивно“, одбранбено размислување, фокусирајќи сѐ на мисии подалеку од границите на Европската Унија, како и концептот на „граѓанска безбедност“, чиј примарен фокус не е одбрана од непосредните закани, туку имплементацијата на стабилни и мирни политички структури на Унијата во регионалното и глобално опкружување.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Ивица Јосифовиќ е исклучително посветен и прагматичен научник и истражувач со завидни резултати во кариерата. Јосифовиќ учествувал и бил предавач и обучувач на неколку десетици меѓународни научни конференции, научни собири, работилници, советувања, обуки, семинари, во земјава и во странство, каде што остварил забележителни резултати и успеси, за што се стекнал со соодветни сертификати, дипломи и уверенија. Бил ментор на над 60 дипломски и 20 магистерски трудови. Автор е на над 50 научни и стручни трудови, монографии, учебници и учебни помагала од областа на правото на Европската Унија и меѓународното право. Научните трудови чиј автор е Јосифовиќ претставуваат значаен придонес кон развојот и унапредувањето на научната мисла во областа на правото на Европската Унија. Неговата посветеност во извршувањето на наставно-образовната и педагошка дејност претставува пример за неговите соработници и студентите. Јосифовиќ учествувал и раководел со неколку научноистражувачки проекти во земјава.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Ивица Јосифовиќ има објавено монографија и учебник, како и повеќе од 50-ина стручни трудови од областа на правото на Европската Унија и меѓународното право. Учествувал на неколку научноистражувачки и апликативни проекти, како и на голем број меѓународни научни конференции и собири.

Д-р Јосифовиќ бил предавач и обучувач на десетина работилници и обуки од областа на правото на Европската Унија и меѓународното право.

Од 2014 година е предавач на Академијата за судии и обвинители за почетна обука за третиот модул „Меѓународно право и право на Европската Унија“, каде што спроведува предавања во неколку тематски целини: Историски развој на Европската Унија, Институции и тела на Европската Унија, Спроведување на правото на Европската Унија, Судот на правдата на Европската Унија, Област на безбедност, слобода и правда, Соработка во кривичната материја.

Во текот на 2017 година, д-р Ивица Јосифовиќ учествува во Twinning проектот на Европската Унија во соработка со Министерството за правда на Хрватска, Министерството за правда на Латвија и Министерството за правда на Македонија: Зајакнување на владеење на правото. Како резултат на проектот е остварена посета на Судот на правдата на Европската Унија во Луксембург, со присуство на судења, меѓународни предавања и конференции, како и подготовка на извештаи.

Јосифовиќ учествува во процесот на подготвување на неколку студиски програми за прв и втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

### З А К Л У Ч О К   И   П Р Е Д Л О Г

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која ѝ беше доставена, а која беше предвидена во Конкурсот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област право на Европска Унија, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 2.6.2020 година, и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Ивица Јосифовиќ, вонреден професор. Воедно, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Ивица Јосифовиќ ги доставил сите потребни документи и дека ги исполнува условите за пријавување на Конкурсот.

По прегледот на документацијата и податоците, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Ивица Јосифовиќ:

- во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор на наставник;
- има континуирано научно напредување и позитивни научноистражувачки резултати во доменот на правото на Европската Унија;
- учебниците, учебните помагала, научните и стручни трудови и публикации од областа на правото на Европската Унија, чиј автор е кандидатот, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење;
- преку учеството на меѓународни и домашни научни конференции, научни собири, советувања, работилници и семинари, кандидатот д-р Ивица Јосифовиќ континуирано придонесува за развојот на областа на правото на Европската Унија. Исто така, кандидатот постојано и со голем успех ги надградува своите теоретски познавања од правото на Европската Унија и истите успешно им ги пренесува на студентите во рамки на наставните процеси и менторската работа.
- има вкупно 271,2 поени согласно со Табелата на активности кои се бодуваат при избор во звање, со што ги исполнува условите предвидени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот д-р Ивица Јосифовиќ во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми како и законските услови и условите предвидени со постојните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор во повисоко наставно-научно звање. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го избере д-р Ивица Јосифовиќ за наставник во наставно-научната област право на Европската Унија, во звање редовен професор.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Трајан Бендевски,** редовен професор во пензија, претседател, с.р.
**Д-р Гоце Галев,** редовен професор, член, с.р.
**Академик д-р Владо Камбовски,** редовен професор во пензија, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1** | **Избор во звање вонреден професор** | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | **Вкупно** |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1** | **Монографија или научна книга** | 1 | 10 | | | 10 |
| **2** | **Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)** | 6 | 59,4 | 2 | 20,7 | 80,1 |
| **3** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови од научен собир** | 24 | 55,8 | 2 | 7,8 | 63,6 |
| **4** | **Учество на научен собир со реферат** | 3 | 5,85 | | | 5,85 |
| **5** | **Рецензент на научен труд** | 1 | 2 | | | 2 |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| **7** | Секциско предавање на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **165,55** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Книга/учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| 2 | Труд во стручно списание | 2 | 5,2 | 1 | 7,8 | 13 |
| 3 | Труд објавен во зборник на трудови од научен собир | 1 | 2,6 | | | 2,6 |
| 4 | Раководител на катедра | | | | | |
| | | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | 25,6 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 231,15 |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ХЕМИЈА НА КОЛОИДИ“ – УЧЕБНИК ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БИЉАНА ЃОРЃЕСКА И ВОН. ПРОФ. Д-Р САЊА КОСТАДИНОВИЌ-ВЕЛИЧКОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВАЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-130/5 од 244. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 10.8.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Бистра Ангеловска,** редовен професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- **д-р Елена Дракалска,** вонреден професор, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Хемија на колоиди” од проф. д-р. сци. Биљана Ѓорѓеска и вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска, наменет за студентите на прв циклус студии на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Хемија на колоиди“ (второ издание, изменето и дополнето) е напишан на македонски јазик. Содржината е поделена на предговор и осум поглавја. Составен дел на ракописот е и содржината на целиот материјал поставена на почетокот од ракописот, како и библиографијата на крајот од ракописот.

Ракописот е напишан на едноставен јазик разбирлив за студентите. Содржи информации за колоидните системи, особините на колоидните честички, како и најновите техники за образување на колоидни системи. Поради тоа е погоден не само за студентите на Факултетот за медицински науки кои студираат на насоката Фармација, туку може да се користи и за други сродни области кои ги проучуваат студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Опсегот на покриеност на предавањата и вежбите е во согласност со програмата по предметот Хемија на колоиди кој се слуша во V (петти) семестар на Факултетот за медицински науки како изборен предмет на студиската програма Фармација со број на часови (1+1+1) од првиот циклус на студии.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е образложен на 179 страници, А4 формат. Соодветно и правилно се цитирани 67 референци, истите наведени во поглавјето библиографија. Ракописот е поткрепен со 68 слики, 15 табели и многу шематски прикази за подобро разбирање на техниките и начините на кои функционираат инструментите кои се користат при образување и анализа на колоидни системи. Обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите според бројот на часови за предавања и вежби предвидени за соодветниот предмет на Факултетот за медицински науки, како и според одредбите на Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Краток опис на содржината:** Во овој учебник по предметот Хемија на колоиди (второ издание - дополнето и изменето) се објаснети седум поглавја во кои подробно се дискутирани принципите и постапките за добивање на колоидни системи, како и методите за анализа на овие системи.

По краткиот вовед за областа што ја проучува хемија на колоиди, **првото поглавје** од овој учебник ги дефинира колоидните системи, големината и градбата на нивните честички, како и начините за добивање на истите. Понатаму, првото поглавје од овој учебник ги проучува кинетичките појави на колоидните системи, како што се Брауново движење, дифузија, осмоза, дијализа и седиментација. Во првото поглавје, исто така, се опфатени и оптичките својства на колоидните системи, како што се прекршување и расејување на светлината и употреба на овие својства во фармацијата и медицината.

Мицеларните колоиди се објаснети во **второто поглавје** од овој учебник. Посебен акцент е ставен на структурата на мицелите, Крафтова точка, заматување и солубилизација на мицеларни колоиди.

**Во третото поглавје** од овој учебник се објаснети површинските појави кај колоидните системи. Конкретно, објаснети се појавите на граничните површини течност – гас, течност – течност и цврста супстанција - течност. Во ова поглавје е објаснет и поимот „површински напон“ на колоидните системи, како и разлевање и натопување.

**Во четвртото поглавје** „реологија и вискозност“ се дефинирани поимите реологија и вискозност и е дефинирана поделбата на колоидните системи на Њутнови и не-Њутнови системи. Понатаму, реолошките особини на колоидните системи директно се објаснети на фармацевтски производи, како што се креми, пени, лосиони и средства за одржување на лична хигиена. Посебен акцент е ставен на емулзии и микроемулзии, избор на соодветен емулгатор, HLB метода, сурфактанти и косурфактанти.

**Во петтото поглавје** е објаснета коагулација на колоидните системи. Поточно, во ова поглавје најпрвин се дефинирани и објаснети факторите од кои зависи стабилноста на еден колоиден систем, а потоа поединечно е разгледана и објаснета стабилноста на лиофилните и лиофобните колоидни системи. Последна тема во ова поглавје ги објаснува спонтана и предизвикана коагулација како можност за окрупнување и прочистување на колоидните системи.

**Во шестото поглавје** се дефинирани лиогелови, односно начини на нивно образување со динамичка коагулација, како и бабрење на ксерогелот. Издвојувањето на течната фаза од гелот, односно „стареење“ на гелот познато под поимот синереза е објаснето во последната лекција од ова поглавје.

Во последното **седмо поглавје** е објаснета структурата на геловите и мембраните. Објаснет е исто така и начинот на добивање на лиогел, како и процесот на гелирање на колоидните раствори и соли. При разгледување на структурата на мембраните, посебен акцент е ставен на неутрални и активни мембрани. Објаснети се структурата и својствата на т.н. „молекуларни“ мембрани, како и нивната употреба во медицината и фармацијата.

## З А К Л У Ч О К

Имајќи го предвид изложеното, како и основната намена, овој ракопис да биде наменет за студентите на Фармација на Факултетот за медицински науки, на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип му препорачуваме ракописот под наслов „Хемија на колоиди“ – учебник (второ изменето и дополнето издание) од авторите проф. д-р Биљана Ѓорѓеска и вон. проф. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска да го прифати како рецензиран учебник.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Бистра Ангеловска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Елена Дракалска,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ**
**„ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ - ПНМО”**
**(СКРИПТА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ,**
**ЗА СТУДЕНТИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-90/20 од 241. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 2.6.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Ѓорѓи Зафировски,** редовен професор во пензија;
- **д-р Зху Јихе,** вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај / рецензија на приложениот ракопис **„ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ - ПНМО”** од **доц. д-р Тоше Крстев,** наменет за студентите на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По преглед на скриптата, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата со наслов **„Проприоцептивно невромускулно олеснување - ПНМО”** од доц. д-р Тоше Крстев е наменета за студентите на студиската програма Физиотерапевти, прв циклус студии. Скриптата е во согласност со планот и наставната програма за предметот Проприоцептивно невромускулно олеснување – ПНМО, кој се слуша во III година (VI семестар), со неделен фонд од 2+1+1 часови, 4 кредити и вкупна оптовареност 120 часови, како изборен предмет на студиската програма Физиотерапевти.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат практични знаења потребни за предметната содржина и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на скриптата е претставена во текст и илустрации од вкупно 55 страници. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 3 методски единици и подединици, распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на скриптата и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е резултат на детално пребарување на обемната стручно-научна литература. Авторот на јасен, едноставен и достапен начин, со разбирлив стил на пишување сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет, како дел од целата физиотерапија. Од особена важност е

да се потенцира специфичниот пристап кон содржините, со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со кое се потврдува темелниот пристап во подготовката на скриптата.

**Краток опис на содржината:** Скриптата е напишана на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата илустрирана содржина се конципирани во 3 тематски дела и литература. Илустриран е со 74 слики.

Во првата тематска единица *Вовед во проприоцептивно невромускулно олеснување* авторот ги опишува историјата и почетоците на ПНМО концептот развиен од д-р Херман Кабат. Во првиот дел се зборува за основните неврофизиолошки принципи на овој вид на специфична терапија. Потоа авторот ги елаборира елементите и ефектите од ПНМО и нивната приложност во секојдневната рехабилитација.

Вториот дел е посветен на спирално-дијагоналните шаблони на движење. Детално се опишани и објаснети сите движења и нивните варијанти кои се развиле низ годините. Особен впечаток дава богатството на слики кое ќе ја направи оваа скрипта практичен водич за студентите.

Во третиот дел се опишани специфичните техники на ПНМО. Овие техники, всушност, претставуваат начини на исполнување на спирално-дијагоналните шаблони на движење. На јасен начин се опишани нивните карактеристики, начини на исполнување, како и индикации за примена. Како дополнување на овој дел се оставени и карти за разработување на план за ПНМО процедури.

Литературата содржи 16 референци, ова зборува за системскиот приод кон оваа област и за способноста на авторот за комплетно претставување на тематиката.

Скриптата со наслов **„ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ – ПНМО“** на студентите им дава продлабочени познавања за функцијата на човечкото тело според спирално-дијагоналните шаблони на движење. Целосно познавање на ПНМО техниките и нивна примена во рехабилитацијата.

**З А К Л У Ч О К**

Скриптата „ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ - ПНМО “ од авторот доц. д-р Тоше Крстев ги опфаќа сите содржини од практичен аспект, според наставната програма и содржина по истоимениот предмет на студентите на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со издавање на оваа скрипта студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за практична настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за скрипта, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот за скрипта „ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ – ПНМО“ од доц. д-р Тоше Крстев да биде издаден како скрипта за студенти на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ѓорѓи Зафировски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Зху Јихе,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ПРАКТИКУМОТ СО НАСЛОВ**
**„ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ - ПНМО”**
**(ПРАКТИКУМ) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ,**
**ЗА СТУДЕНТИ НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ, ФАКУЛТЕТ**
**ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-90/21 од 241. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 2.6.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Ѓорѓи Зафировски,** редовен професор во пензија;
- **д-р Зху Јихе,** вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај / рецензија на приложениот ракопис **„ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ – ПНМО“ (ПРАКТИКУМ)** од **доц. д-р Тоше Крстев,** наменет за студентите на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По преглед на практикумот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Практикумот со наслов **„Проприоцептивно невромускулно олеснување - ПНМО”** од доц. д-р Тоше Крстев е наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти, прв циклус студии. Практикумот е во согласност со планот и наставната програма за предметот Проприоцептивно невромускулно олеснување – ПНМО, кој се слуша во III година (VI семестар), со неделен фонд од 2+1+1 часови, 4 кредити и вкупна оптовареност 120 часови, како изборен предмет на студиската програма Физиотерапевти.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат практични знаења потребни за предметната содржина и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на практикумот е претставена во текст и илустрации од вкупно 55 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 3 методски единици и поделиници, распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на практикумот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е резултат на детално пребарување на обемната стручно-научна литература.

Авторот на јасен, едноставен и достапен начин, со разбирлив стил на пишување сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет, како дел од целата физиотерапијата. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со кое се потврдува темелниот пристап во подготовката на практикумот.

**Краток опис на содржината:** Практикумот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата илустрирана содржина се конципирани во 3 тематски дела и литература. Илустриран е со 48 слики и 3 табели.

Во првата тематска единица *Вовед во проприоцептивно невромускулно олеснување* авторот ги опишува историјата и почетоците на ПНМО концептот развиен од д-р Херман Кабат. Во првиот дел се зборува за основните неврофизиолошки принципи на овој вид на специфична терапија. Потоа авторот ги елаборира елементите и ефектите од ПНМО и нивната приложност во секојдневната рехабилитација.

Вториот дел е посветен на спирално-дијагоналните шаблони на движење. Детално се опишани и објаснети сите движења и нивните варијанти кои се развиле низ годините. Особен впечаток дава богатството на слики кое ќе го направи овој практикум практичен водич за студентите.

Во третиот дел се опишани специфичните техники на ПНМО. Овие техники, всушност, претставуваат начини на исполнување на спирално дијагоналните шаблони на движење. На јасен начин се опишани нивните карактеристики, начини на исполнување, како и индикации за примена. Како дополнување на овој дел се оставени и карти за разработување на план за ПНМО процедури.

Литературата е збогатена со 8 референци, на латиница, и ова зборува за системскиот приод кон оваа област и за способноста на авторот за комплетно претставување на тематиката.

Практикумот со наслов **„ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ – ПНМО“** на студентите им дава продлабочени познавања за нормалните кинезиолошки карактеристики на сегментите во локомоторниот апарат како предуслов за правилна патокинезиолошка анализа на промените што настануваат. Со подготовката на ова помагало студентите ќе бидат во можност да ја применуваат апликативната кинезиогија, не само во здравствените установи и болници, туку и во индустријата за промоција на здравје каде што се работи за подобрување на индивидуалното здравје, долговечноста и благосостојбата на поединецот - фитнес објекти или преку индивидуални тренинзи во корпоративни велнес објекти.

**З А К Л У Ч О К**

Практикумот „ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ - ПНМО“ од авторот доц. д-р Тоше Крстев ги опфаќа сите содржини од практичен аспект, според наставната програма и содржина по истоимениот предмет на студентите на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со издавање на овој практикум студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за практична настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за практикум, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот „ПРОПРИОЦЕПТИВНО НЕВРОМУСКУЛНО ОЛЕСНУВАЊЕ – ПНМО“ (ПРАКТИКУМ) од доц. д-р Тоше Крстев да биде издаден како практикум за студенти на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ѓорѓи Зафировски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Зху Јихе,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА СКРИПТА СО НАСЛОВ**
**„МЕДИЦИНСКА МАСАЖА" ОД АВТОРИТЕ**
**ДОЦ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ПРОФ. Д-Р ЛЕНЧЕ НИКОЛОВСКА,**
**ДОЦ. Д-Р ДАНЧЕ ВАСИЛЕВА И М-Р ТАМАРА СТРАТОРСКА,**
**ЗА СТУДЕНТИ ОД СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ФИЗИОТЕРАПЕВТИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-90/19 од 241. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 2.6.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Ѓорѓи Зафировски,** редовен професор во пензија;
- **д-р Зху Јихе,** вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип,

за изготвување на извештај / рецензија на приложениот ракопис **„МЕДИЦИНСКА МАСАЖА"** од **доц. д-р Тоше Крстев, проф. д-р Ленче Николовска, доц. д-р Данче Василева и м-р Тамара Страторска,** наменет за студентите на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По преглед на скриптата, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата со наслов **„Медицинска масажа"** од доц. д-р Тоше Крстев, проф. д-р Ленче Николовска, доц. д-р Данче Василева и м-р Тамара Страторска е наменета за студентите на студиската програма Физиотерапевти, прв циклус студии. Скриптата е во согласност со планот и наставната програма за предметите Медицинска масажа 1 и Медицинска масажа 2, кои се слушаат во II година (III и IV семестар), со неделен фонд од 2+2+2 часови, 6 кредити и вкупна оптовареност 180 часови, како задолжителни предмети на студиската програма Физиотерапевти.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат знаења потребни за предметната содржина и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на скриптата е претставена во текст и илустрации на вкупно 148 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 5 методски единици и подединици, распоредени во согласност со наставната програма на истоимените предмети.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на скриптата и нејзината содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е резултат на детално пребарување на обемната стручно-научна литература.

Авторите на јасен, едноставен и достапен начин, со разбирлив стил на пишување сублимирано ја претставуваат материјата која се изучува за овој предмет, како дел од целата физиотерапијата. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со кое се потврдува темелниот пристап во подготовката на практикумот.

**Краток опис на содржината:** Скриптата е напишана на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата илустрирана содржина се конципирани во 5 тематски дела и литература. Илустрирана е со 55 слики и 3 табели.

Во првата тематска единица *Историски развој и дејство на масажата* авторите го опишуваат историскиот развој на масажата како терапевтско средство од дамнешни времиња па сè до денес и нејзината еволуција во современите форми. Објаснети се механизмите на дејство на масажата, како и различните теории за објаснување на терапевтските ефекти. Понатаму во текстот се опишуваат различните видови на масажа, како и потребните услови за спроведување на ваков вид терапија.

Втората глава е посветена на техниката на масажа. Овде детално се опишани и разработени различните масажни зафати: мазнење, растривање, гмечење, ударни и вибрациски зафати. На јасен начин е прикажан начинот на нивно исполнување, како и практични совети за нивно полесно и правилно усвојување. Со помош на илустрации во продолжение се опишани и постапките за масажа на различни делови на телото, како и општата масажа на целото тело.

Третата глава е посветена на примената на масажа кај заболувања и состојби на различните органи и системи на човечкото тело. Во почетокот авторите даваат детален опис на мануелната лимфна дренажа, а во продолжение се објаснети и постапките за масажа при најчестите заболувања на локомоторниот апарат, нервниот систем, кардиоваскуларниот, респираторниот, како и дигестивниот систем.

Четвртата глава е посветена на рефлекторните форми на масажа. Детално се опишани рефлекторно-сегментарната масажа, масажата на сврзно ткиво, како и периосталната масажа. Даден е опис на почетоците и развојот на секој од видовите, а понатаму на лесен и применлив начин се опишани различните масажни зафати, како и примената на секоја од овие масажи на различни делови од телото и патолошки состојби.

Литературата е збогатена со 53 референци, и ова зборува за системскиот приод кон оваа област и за способноста на авторите за комплетно претставување на тематиката.

Скриптата со наслов **„Медицинска масажа“** на студентите им дава продлабочени знаења за масажата како терапевтско средство. Покрај запознавањето на традиционалните и современите форми на масажа, студентите се запознаваат и со рефлексните техники, со што го прошируваат полето на дејство и при состојби при кои традиционално не се применува масажа. Со подготовката на ова помагало, студентите ќе бидат во можност да ја практикуваат медицинската масажа како главно или дополнително терапевтско средство скоро при сите заболувања и состојби.

## З А К Л У Ч О К

Скриптата „Медицинска масажа“ од авторите доц. д-р Тоше Крстев, проф. д-р Ленче Николовска, доц. д-р Данче Василева и м-р Тамара Страторска ги опфаќа сите содржини од практичен аспект, според наставната програма и содржина по истоимениот предмет на студентите од студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со издавање на овој практикум студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за практична настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за скрипта, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот „МЕДИЦИНСКА МАСАЖА“ од доц. д-р Тоше Крстев, проф. д-р Ленче Николовска, доц. д-р Данче Василева и м-р Тамара Страторска да биде издаден како скрипта за студенти на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ѓорѓи Зафировски,** редовен професор, с.р.
**Д-р Зху Јихе,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „TOPICS IN CONTRASTIVE ANALYSIS: ENGLISH AND MACEDONIAN” (ТЕМИ ОД КОНТРАСТИВНА АНАЛИЗА: АНГЛИСКО-МАКЕДОНСКИ СПОРЕДБИ) ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р МАРИЈА КУСЕВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1902-108/5 од 213. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 17.8.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Лилјана Митковска,** Факултет за странски јазици, АУЕ-ФОН универзитет, Скопје;
- **проф. д-р Нина Даскаловска,** Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„TOPICS IN CONTRASTIVE ANALYSIS: ENGLISH AND MACEDONIAN” (ТЕМИ ОД КОНТРАСТИВНА АНАЛИЗА: АНГЛИСКО-МАКЕДОНСКИ СПОРЕДБИ)** од авторката **проф. д-р Марија Кусевска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „TOPICS IN CONTRASTIVE ANALYSIS: ENGLISH AND MACEDONIAN” (Теми од контрастивна анализа: англиско-македонски споредби) е учебник од проф. д-р Марија Кусевска наменет за студентите од прв циклус на студии при Филолошкиот факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Учебникот претставува наставно помагало по предметот Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик, изборен предмет на Студиската програма Англиски јазик и книжевност, и на наставната и на преведувачката насока, со 2+1+1 неделен фонд на часови, 4 кредити, и се слуша во седмиот семестар. Со новата програма се предлага овој предмет да биде задолжителен со 2+2+1 неделен фонд на часови, 6 кредити, во осмиот семестар. Предложениот ракопис целосно е во согласност со наставната програма и теоретските наставни содржини кои се акредитирани за овој предмет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена на вкупно 264 страници. Текстот во трудот е поткрепен со бројни примери, табели и графикони. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Целите на составувањето на овој учебник е: 1. да ја подигне свесноста на студентите за разликите и сличностите помеѓу англискиот и македонскиот јазик и да се охрабрат студентите да ги изучуваат; 2. да ги подготви студентите да вршат контрастни истражувања на англиски и на македонски јазик со примена на современи теоретски рамки и методологии; 3. да ги обучи идните студенти-наставници како да ја применуваат

контрастивната анализа во нивното предавање англиски како странски јазик; 4. да ги обучи студентите преведувачи како да ја применуваат контрастна анализа во нивната работа при преведувањето.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот „TOPICS IN CONTRASTIVE ANALYSIS: ENGLISH AND MACEDONIAN" (Теми од контрастивна анализа: англиско-македонски споредби) од проф. д-р Марија Кусевска претставува оригинален труд во кој авторката на соодветен начин ги претставува и разработува темите вклучени во неговата содржина. Имајќи ги предвид потребите на студентите, таа постепено и систематично ѝ приоѓа на секоја од темите поттикнувајќи го интересот на студентите и овозможувајќи им да навлезат во суштината на проблематиката која е во фокусот. Учебникот опфаќа единаесет теми од областа на контрастирање на јазиците обработени со современи методи и приоди. Покрај тоа, учебникот е напишан на оригинален начин и во него е опфатена комплексноста на проблематиката од областа на предметот Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик. Бидејќи во нашата земја не е објавен друг учебник од овој тип, сметаме дека тој е неопходен за студентите од групата Англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока.

**Краток опис на содржината:** Тема на овој учебник е споредба и определување на разликите и сличностите помеѓу англискиот и македонскиот јазик. Трудот се состои од единаесет поглавја распределени во две целини: 1. Теориски претпоставки на контрастивната анализа; 2. Англиско-македонски споредбени теми. Првиот дел вклучува поглавја за тоа што е контрастивна анализа, кои се нејзините карактеристики, историскиот развој, врската со други јазични дисциплини и методите што ги користи. Вториот дел се занимава со специфични јазични аспекти и разгледува како тие се изразуваат во англискиот и во македонски јазик, определувајќи ги сличностите и разликите помеѓу двата јазика. Темите кои се разгледуваат се од областа на фонологијата, морфологијата, лексикологијата, синтаксата и прагматиката. Тие беа избрани врз основа на интересите на студентите.

Секое поглавје во учебникот е придружено со активности што им помагаат на студентите да го совладаат даденото поглавје и да се запознаат со главната терминологија потребна за независна работа во таа област. Целта е да се подигне свесноста на студентите за сличностите и разликите помеѓу англискиот и македонскиот јазик и да се објаснат некои појави во областите поврзани со идните професии на студентите: предавање на англискиот како странски јазик и преведување. Вклучени се следниве видови вежби: воведни, вежби за совладување на терминологијата; преводни, корпусни и контрастивни вежби; пишување резимеа и есеи; дискусии. Исто така, се даваат идеи за мали истражувања за да се запознаат студентите со техниките и различните инструменти за спроведување на контрастивни истражувања. Учебникот ги опфаќа следните теми:

Првиот дел се состои од пет поглавја. Во првото поглавје се дефинира контрастивната анализа и се објаснува нејзината практична примена и нејзините карактеристики. Исто така се дава преглед на нејзиниот историски развој и на причините за нејзините паѓања и обновувања. Во второто поглавје се објаснува поврзаноста на контрасната анализа со учењето втор/странски јазик и улогата на мајчиниот јазик во тој процес, т.е. јазичниот трансфер. Третото поглавје, пак, се осврнува на поврзаноста на контрастивната анализа со некои други научни полиња, пред сè јазичната типологија и преведувањето. Посебен осврт се дава на значењето на појавата на корпусната лингвистика за развојот на контрастивната анализа. Четвртото поглавје се осврнува на лингвистичката компонента на контрастивната анализа и на темите кои се разработуваат во нејзините микро- и макролингвистички делови. Во петтото поглавје се дава преглед на процесот на спроведување контрастивна анализа

врз јазичните елементи и организација и претставување на резултатите. На студентите им се даваат примери како конкретно тие треба да се спроведуваат.

Вториот дел се состои од шест поглавја. Во секое поглавје е претставена контрастивна споредба на некоја јазична единица од гледна точка на усвојувањето на втор/странски јазик и преведувањето. Во овие поглавја се обработуваат следните лингвистички единици: употреба и превод на глаголите кои изразуваат сакање и омраза во англискиот и во македонскиот јазик (поглавје 6), употреба на англискиот глагол „seem“ и како тој се преведува на македонски јазик (поглавје 7), споредба на времињата и аспектот во англискиот и во македонскиот јазик (поглавје 8), интерпретација и превод на идиоматските изрази од англиски на македонски јазик (поглавје 9), споредба на реализацијата на говорните чинови на замолување и извинување во англискиот и во македонскиот јазик (поглавје 10) и влијанието на англискиот јазик врз македонскиот (поглавје 11).

Покрај поглавјата, учебникот содржи 15 прилози со прашалници, преводни листи и мали корпуси потребни за реализација на активностите на час и домашните работи. По поглавјата се дава листа на користена литература која содржи 94 релевантни референци на англиски јазик и 13 референци на македонски јазик. На крајот е даден речник со објасненија на термините со кои студентите би можеле да имаат проблем, а кои се неопходни за разбирање на наставната материја.

## ЗАКЛУЧОК

Предложениот учебник „TOPICS IN CONTRASTIVE ANALYSIS: ENGLISH AND MACEDONIAN” (Теми од контрастивна анализа: англиско-македонски споредби) од проф. д-р Марија Кусевска е целосно направен според наставната материја предвидена во програмата за предметот Контрастивна анализа на англискиот и македонскиот јазик, кој студентите на Катедрата за англиски јазик и книжевност од двете насоки, наставна и преведувачка, го слушаат во седмиот семестар како изборен предмет. Во следната наставна програма тој се предвидува како задолжителен предмет во осмиот семестар. Учебникот е систематски и логички организиран и дава преглед на теориските претпоставки на контрастивната анализа, нејзиниот историски развој и поврзаноста со другите лингвистички дисциплини. Теоријата ја поткрепува со конкретни контрастивни проучувања на посебни јазични единици во англискиот и во македонскиот јазик. Со тоа им овозможува на студентите да стекнат значајно познавање од оваа област и да ја користат за подобрување на својата практична работа како идни наставници или преведувачи. Материјата е презентирана на современ начин и дава можности за активно учество на студентите и развивање свесност за сличностите и разликите меѓу англискиот и македонскиот јазик.

Со оглед на горенаведениот извештај кој ја потврдува соодветноста и потребата од ваков учебник во нашата земја, со задоволство му препорачуваме на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „TOPICS IN CONTRASTIVE ANALYSIS: ENGLISH AND MACEDONIAN” (Теми од контрастивна анализа: англиско-македонски споредби) од проф. д-р Марија Кусевска како учебник за соодветниот предмет.**

**Рецензенти**

**Проф. д-р Лилјана Митковска,** с.р.
**Проф. д-р Нина Даскаловска,** с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ | | |
|---|---|---|
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Анализа и дизајн на детски градинки во Република Северна Македонија |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-184/13 од 4.11.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Катерина Деспот |
| | ***Кандидат*** | Ана Марија Адраманова |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Обликување на просторот на штипскиот регион (пејзажно-урбанистички модели) |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-211/4 од 11.12.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Васка Сандева |
| | ***Кандидат*** | Памела Митева |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Дискретна симулација на внатрешниот транспорт на материјалите со примена на софтвер за симулација |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-55/5 од 6.3.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Зоран Десподов |
| | ***Кандидат*** | Дарко Николовски |
| **4.** | ***Наслов на тема*** | Примена и трансформација на модуларен мебел во канцелариски простори |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-112/4 од 17.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Катерина Деспот |
| | ***Кандидат*** | Драгана Јорданова |